СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второто продолжение на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 април 1992 година

Скопје, април 1992 година

**ДИСКУТАНТИ ОД II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 35-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2 АПРИЛ 1992 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН – 2, 19, 29, 56, 58, 61, 62, 140
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 11, 15, 53
3. АЛИТИ АБДУРАХМАН – 16, 17, 129
4. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 60
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ -75, 103, 104
6. АБДИ ФАИК – 98, 115
7. АНГЕЛОВ ИВАН - 148
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 112
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 72, 134
10. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР – 50, 51, 101
11. ГОШЕВ ПЕТАР – 12, 20, 66, 78
12. ГОШЕВ ТУШЕ – 15, 122, 126, 135, 136
13. ЃОРЃИ НАУМОВ - 137
14. ЃОРЧЕВСКИ БОРИС - 129
15. ИВАНОВ СИМЕОН - 44
16. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 108
17. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО – 143, 144
18. ЗАФИРОВСКИ ЈОРДАН – 22, 44
19. ЖУТА БЕЌИР – 41, 42
20. КЉУСЕВ НИКОЛА – 52, 57, 63
21. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 121, 128
22. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН – 96, 124
23. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 97, 134, 147
24. КОЛЕВСКИ ПЕРКО - 105
25. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 124
26. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 130
27. МАНЕВСКИ ЈОВАН – 13, 99
28. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 14, 48, 67
29. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН – 21, 23, 28, 30, 34, 35, 43, 47, 75
30. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН 26, 119, 120
31. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 89
32. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 95
33. МЛАДЕНОВСКИ ДИМИТАР - 105
34. НАУМОВ ЃОРШИ – 8, 9
35. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР – 24, 77
36. ПРЕВАЛА ШАБАН – 69, 115, 139
37. ПОПОВСКИ КИРО - 123
38. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 126
39. СТАНКОВСКИ РИСТО – 5, 7, 8, 9, 85, 90
40. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 10, 66, 111, 116, 120, 126, 135, 137
41. СТАМЕНОВ ТИСТО – 18, 54
42. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 36, 147
43. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 61, 129
44. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА – 73, 100, 113
45. СЕЛМАНИ АСЛАН - 113
46. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА – 1,6,7,23,27,28,33,38,39,46,65,68,71,72,77,86,88,89,92,96,109,131,144
47. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ – 36, 39, 40
48. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН – 71, 3, 40
49. ТОШЕВ БЛАГОЈ – 96, 114
50. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР – 101, 103, 110


продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од второто продолжение на 35-та седница на Собранието на Република Македонија одржана 2 април 1992 година**

Седницата се одржа во сала I со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Драги Гроздановски, Михаил Пановски, Благоја Чкатроски, Тодор Петров, Панчо Минов, Ристо Ќелешов, Стоиле Стојков, Бранко Арсовски, Џелил Таири, Алил Џаферовски, Душко Ѓорѓевски и Борис Змејковски, ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Ние го завршивме претресот во начело и оставивме едно прашање за размислување во Владата и го молам министерот има ли став на Владата по тоа прашање.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници има став на Владата, што туку заврши седницата на Владата во која заклучокот од вчерашната седница по општата дебата по Предлогот на буџетот беше проанализиран предлогот, односно заклучоците, во врска со тоа дали има потреба и што би биле ефектите од одлагањето на Буџетот за да се санкционираат

амандманите кои се предложени од страна на комисии.

Владата оцени дека прашањата што се санкционирани во амандманите, кои во претходната фаза таа се определи да не ги прифати, дека се од битно значење, ако се гледа аспектот на прашањата што во нив се содржани, содржината на одделни покренати проблеми Меѓутоа, имајќи предвид дека околностите во кои е утврден Предлогот на буџетот и сите други претпоставки што се направени за неговото изготвување и предлози, оцени и му предлага на Собранието да ја продолжи дебатата по Буџетот и во конкретности, и доколку Собранието "оцени дека некои од параметрите што се врзани со прифаќањето на овие неколку амандмани што содржат големи бројки, одлучи да ги прифати, ценам дека ќе треба соодветни промени да се направат и на претходната страна и во таков случај општиот обем и динамиката на остварувањето на буџетот би бил на преиспитување во текот на неговата реализација и Владата е подготвена благовремено да го информира Собранието за реализацијата на Буџетот и при такви ситуации да прави евентуални негови корекции.

Во делот на вториот заклучок, подготвени се рекапитулари на ефектите од предложените амандмани во делот на прифатените амандмани, во делот на амандманите кои не се прифатени и во делот на амандманите кои што се однесуваат на приходите, а не се прифатени, а за тоа јас и вчера во уводното излагање дадов дел од одговорот.

Молам во име на Владата да продолжи дебатата по конкретните амандмани по Предлогот на буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ете тоа е ставот на Владата, но во тој случај, пред да отворам претрес по текстот на Предлогот на буџетот, дозволете да ви обрнам

внимание на некои суштински елементи од расправата што ја водевме за време на претресот во начело и да ви дадам еден предлог.

Мој впечаток е дека најголем дел од разликите во гледањата на сегашниот буџет, што беа искажани овде, од страна на пратениците и ставовите на Владата се должат на укажувањето од страна на пратениците дека немаме овде разгледана и договорена развојна политика, немаме договорена антиинфлациона политика, немаме договорена макроекономска политика, имаме само макроекономска политика што ја усвоила Владата, само го известува Собранието, а не чула мислење од Собранието, неговите тела, оћ пратениците итн. Мислам дека тие разлики ќе останат не само во фаза на утврдување на текст на Буџетот туку ќе останат понатаму, кога ќе бидеме соочени со потребата на ребаланс и ребаланси, а исто така кога ќе треба поединечни законски акти да се создадат права за користеше на некои средства од Буџетот, исто така ќе бидат тие разлики искажани, тие разлики можеби во целост би останале, било што да направиме, но наша обврска е како Собрание да се обидеме да ги разјасниме, колку можеме повеќе да ги разјасниме. Заради тоа предлагам Собранието врз основа на расправата во начело што ја водеше, да донесе еден ваков заклучок; на првата наредна седница да се разгледа макроекономската политика што ја изготвила Владата, што ја утврдила и притоа да се подготви потребно уводно излагање со кое главните насоки на таа политика да се потпорни точки и главен инструмент и определувања да се истакнат посебно и да се разјаснат. Така мислам на тој начин овде во Собранието може" да се направи еден поуспешен мост за разијдување барем на дел од разликите кои беа овде искажани.

Дали Собранието го прифаќа овој заклучок? (Го прифаќа) .

Значи и се создава обврска на Владата, материјалот го имаат пратениците, не треба нов материјал, но треба едно уводно излагање да се изготви за да може да се организира една расправа. Се разбира, тоа ќе биде расправа и по телата, исто така и овде на седницата на ова Собрание.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Буџетот/

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 дел II, алинеја 3. Член 2 реден број 37 и член 3 дел. И, раздел 12 позиција 133 конто 488 и за додаваше нова позиција 134-а и конто 488 низ 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на буџетот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3, раздел 12 позиција 130, конто 470.

Комисијата за образование,наука и култура поднесе амандмани на член 3, раздел 26 за бришење на главите II, III, IV, V и VI и на член 3 за отворање на нов раздел 37-а.

Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандман \ на член 3, раздел 29, позиција 380 конто 456, а пратениците Гоце Андоновски и Александар Гештаковски поднесоа амандман на член 3 раздел 20, позиција 201, со кои се согласил претставникот . на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот.

Амандмани на текстот на предлогот на Буџетот поднесоа и пратениците: Јован Николов, Ристо Станковски, Тодор Петров, Гоце Андоновски, Митко Анастасовски, Горан Зафировски и Џеладин Мурати.

Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за труд, социјална политика, Законодавно- правната комисија и Комисијата за здравство со кои не се согласил, односно по кои не се произнел претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 реден број 2, конто 720 поднесен од пратеникот Ристо Станковски.

Молам кој бара збор?

**РИСТО СТАНКОВСКИ:.**

Почитувани пратеници, пред да дадам мало образложение на овој амандман, би сакал само да напомнам дека можеби и нема да дадев никакви амандмани на Буџетот, доколку Комисијата чиј член сум а тоа е Комисијата за општествен надзор, кога се разгледуваше Буџетот имаше претставник на Владата, ме^утоа, и по сите напори што ги .направивме на таа Комисија не успеавме да обезбедиме претставник на Владата и кога се донесуваше Нацртот на Буџетот, бидејќи немаше претставник на Владата, бев принуден да дадам амандмани, а доколку на таа Комисија добив соодветен одговор, сигурно немаше да поднесам амандмани.

Сега би дал образложение на овој амандман. Овој амандман практично се однесува за надоместокот на лицата кои имаат неоправдано минато време во притвор или истражен затвор. Би сакал само да се осврнам на еден момент. Во принцип не сум да не се даваат средства за лица кои се неправедно осудени. Меѓутоа, државата секако за своите грешки мора да плаќа на народот и тоа во принцип стои. Меѓутоа, ценам дека за овој надоместок не постојат соодветни критериуми и при делењето на овие средства би рекол дека се применува еден волонтаризам, односно можеби една преголема субјективност. Ценам дека нема доволно изградено критериуми за делење на овие средства, пред се поради некои информации кои што беа достапни за јавноста, во врска со делените средства за оваа намена од Буџетот минатата година, каде што се спомнуваат некои суми од прилика милион марки кои се делени на некои фамилии. Бидејќи незнам дали е тоа точно, кога ќе биде усвоена Завршната сметка од Буџетот, кога

ќе биде доставен преглед за тоа, меѓутоа, една работа прилично иритира. Не можам да сфатам дека во Нацртот на Буџетот за оваа намена беа наменети само 400 илјади динари, за да во Предлогот дојдат 40 милиони динари. Зголемување е значи од 100%, Доколку постоеле јасни критериуми како треба да се делат овие средства, сигурно дека уште во Нацртот ќе беше одредена сума која ќе одговара за овие потреби. Не е можно само за месец дена Владата да оцени дека требаат стопати повеќе средства за оваа намена.

Од тие причини ценам дека навистина постои приличен субјективизам и волонтаризам во овие средства и заради тоа предлагам овој став да се брише и овие средства да се наменат таму каде што се најзагрозени, а тоа се за студентски стандард и за земјоделието, значи онаа сума од 40 милиони да се подели по 20 милиони за студентски стандард и 20 милиони за земјоделие, а доколку Владата оцени дека има потреба со ребалансот на Буџетот после тие средства повторно би можеле да дојдат во Буџетот, а во меѓувреме за вакви потреби може да се интервенира и од тековните буџетски резерви. Затоа мислам и апелирам до вас во овој момент да помогнеме таму каде што мислам дека е најнесигурно, каде што се најзагрозени, а тоа се студентите и земјоделците, а за оваа намена доколку има потреба би се додавале во ребалансот на Буџетот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Позицијата за која станува збор не е наменета поименично на конкретни корисници. Таа позиција ја објаснувавме и во Буџетот за 1991 година се однесува за судски пресуди кои ги носат во одделна судска постапка против лица за кои ќе се утврди на крајот дека се погрешно обвинети и треба да им се. надомести паричен надоместок за изгубеното време, за изгубените приходи за други трошоци итн.

Информацијата дека се делени на одделни фамилии по овој основ средства да се земе со голема резерва, бидејќи не дели Владата надоместоци, надоместоци пресудуваат судовите. Предлогот таа позиција да се брише од Буџетот и не би морал да биде толку спорен, таа позиција би можело да се избрише објективно, кога судовите ќе пресудат, за таква одлука односно ќе донесат таква^ одлука, државата /што ќе рече Владата или Собранието мора да обезбедат средства за извршување на таквата одлука. Ако Собранието одлучи да се брише таа позиција, ние немаме ништо против. Укажавме дека не би требало да се брише, бидејќи во практиката има такви случаи и ќе има.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Во врска со образложението на министерот не е спорно дека треба да се делат средства. И јас самиот тоа го реков. Меѓутоа, клучна моја забелешка е и ценам дека има волонтаризам во делењето на овие средства и не ми одговоривте на клучното прашаше зошто во однос на Нацртот на буџетот имаме зголемуваше од 100 пати ан оваа ставка. По Нацртот беа 400 илјади динари, сега се 40 милиони динари. Зошто во периодот од 1 месец имаме зголемување од 100 пати. По кои критериуми и _пр кои основи. Мислам дека тоа е клучно прашање и за тоа ми изгледаше дека тука има прилично волонтаризам во делењето.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Во Нацртот на Републичкиот буџет текстот од 29 декември 1991 година на позицијата 110 стои одобрено со Буџетот за 1991 година и одобрено заедно со дополнителните измени износ од40 милиони динари. Во текот на годината е извршен незнатен износ и е побарано само 400

илјади динари сметајќи дека остатокот од износот ќе биде автоматски пренесен. Кога тоа се забележа дека се пренесува само новото бараше од 400 илјади, а не и од остатокот од претходната година, се даде забелешка и ние затоа ја искорегиравме бројката на престојната.40 милиони динари. Во Нацртот на Буџетот што го гледавме во декември, односно во јануари тоа може да се погледа од бројките.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Ако е тоа така дека ова се пренесува до минатата година, тоа значи дека минатата година немало барања да се потрошат сите овие средства. Према тоа ценам дека ако немало минатата година барања за оштетување, од каде пак сега се јавуваат одеднаш толку барања. За да се покачат средствата требало да има барања. Штом се префрлени во наредна година, значи немало доволно барања. Така е логиката.

**ЃОРЃИ НАУМОВ:**

Господа пратеници, минатата година имаше барање само од една незаконита пресуда од 213 милиона динари. Ние баравме 40 милиони динари,,толку беа во Буџетот. При конкретната распределба Министерството дели при одредени критериуми. нема волонтаризам. Во Законот за кривичната постапка точно е предвидено кои се права ги имаат осудените или нивните наследници. Не е потрошена сумата затоа што ние и од тие 40 милиона динари колку со Буџетот беа одобрени за минатата година одобривме одреден износ, за останатиот износ по кој не можевме да постигнеме договор со странките кои имаат право да бараат надоместок ги упативме на суд. Ние не знаеме дали судот во текот на тековната година ќе ги донесе пресудите или не. Тие спорови се во тек. Према тоа, ние постојано мораме да имаме,средства за исплата.

**ЃОРЃИ НАУМОВ:** (продолжение)

Не е точно дека постои волонтаризам. Ниту. Сме исплатиле 85 милиони, ниту пак 20 милиони динари. Најголем износ што е исплатено тоа се 9,5 милиони динари за Ченто. Остатокот,бидејќи барањето е до 213 милиони го упативме и него на спор. Според тоа, не стои волонатаризам, постојат критериуми, а тоа што~не е потрошена, не е потрошена заради тоа што судските одлуки сеуште не се правосилни.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Мислам сега Владата повторно не става во дилема, дали тие се договараат, или правосудните органи. Господинот Тошевски рече дека тоа си оди со правосудните органи. Сега министерот Наумов вели дека тие се договарале и не успеале да се договорат колку да дадат обесштетување. Кој се договара со странките, кој ги дава парите?

**ЃОРЃИ НАУМОВ:**

Морам уште еднаш да објаснам,. Странката која има право на надомест по Законот е должна да поднесе барање до Министерството за правосудство и управа. Министерството за правосудство и управа донесува решение според своите критериуми. Да речеме странската поднела за 213 милиони, Министерството одлучило по критериумите 9,5 милиони, за остатокот странката ја упатува на спор. Во секој случај Министерството е тоа што одлучува колку на странката да и се додели, но ако странката е незадоволна од одлуката на Министерството, таа оди на суд и судот донесува конечна одлука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа овде по се изгледа имаме недоразбирање што е делење, што е издвојување, што е обвинуваше, што е пресудување, што е право и што е обврска. Ова се основните работи од кои треба да се разреши прашањето околу овој амандман. Со Буџетот овде се издвоиле средства како државна обврска на оние лица кои се неправедно осудени, а не обвинети имаат право на надомест на штета. Штетата има повеќе форми. Помеѓу останатите една е и изгубена добит. Изгубената добит никој не може да ја предвиди колку ќе биде. Ако паднат во оваа година 10 пресуди со сите видови на штети и изгубена добит која повлекува заедно и камата, каматата е 20 плус интеркаларна камата, тогаш ќе видите дека се големи средства. Ако државата не се обезбеди од овие во еден момент може да се симне од сметката на државата тие пари и ќе се доведе редовното функционирање на државата. Јас немам -ништо против да кажам дека треба да се усмерат овие средства. ако не се употребат, меѓутоа ова е една заштита од евентуално побарување, дали и колку во една година ќе се јават такви побарувања е работа и последица на граѓаните и одлуките на судовите. .

Господинот министер ни даде една меѓуфаза во правото на остварување на овие штети. Тоа е барањето доставено до Министерството за правосудство и управа кое има право од името на државата со оштетениот да заклучи практично вонсудско порамнување. Ако во тоа не се успее, тогаш правото на граѓанинот никогаш не пропаѓа, затоа што не постигнал порамнување пред ова Министерство. Правото на граѓанинот егзистира и пропаѓа дури пред судот со право силна судска одлука. И овде сметајте дека може да стане збор само ако имаме готови правосилни судски одлуки и кој ќе знае сега во овој момент кој од граѓаните се

ослободил од стравот да бара штета, ако го пуштиле од затвор. Досега се сметало,, дека неговата единствена награда како обвинет е тој и понатаму да не остане во затвор. Меѓутоа, по граѓанските норми оној кој те довел до тоа да ти предизвика штета должен е и да ја плати. Затоа господа јас не можам да кажам конкретно дали ќе треба оваа позиција да се згасне целосно. Таа позиција ќе мора да остане. Меѓутоа, колку ќе биде да се пресметаме при одлучување, дали во еден момент не решаваме едно горливо прашање да доведеме во безизлезна положба друга работа. Дали ќе може државата од резервата што ја има од 100 милиони динари, видете предвидени се 40 милиони динари што значи дека 45% е евентуална можност државната резерва да биде зафатена со обврска по овој основ. Тогаш ќе имаме и други непредвидени работи, дали ќе може државата да ги исполни? Затоа ве молам бидете претпазливи при ова одлучување. Не велам дека треба волку пари. Меѓутоа, како што рече Станковски дека се појави волонтаризам при пресметката. Ќе се сложам ако знам навистина колку правосилни пресуди се и дали повеќе нема да бара некој. А ако немам податок колку правосилни пресуди се и немам податок колку луѓе ќе се одлучат на оваа работа, тогаш се работи за превид во висина, а не за волонтаризам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ми се чини дека господинот Стојановски убаво објасни,. Ако се земе во предвид и член 36 од Законот, од Уставот што го донесовме ќе се јават доста од тие што настрадаа во времето на едноумието кои се живи, а и тие на кои што им се оштетени семејствата. Според тоа, малку треба да размислиме дали ќе бидат доволни средствата. Треба да бидеме објективни затоа што има уште живи семејства, има и живи политички

затвореници кои беа осудени во времето, не можам да кажам дека не беа виновни. Беа виновни за тој режим, затоа што баравме нешто кое режимот не ни го даваше Меѓутоа, денес ние сите го донесовме тој закон и на некој :?начин ни се даде таа правда,не донесовте на површина, мислам меѓу вас. Затоа дали ќе стигнат тие средства или не, тоа ќе се види понатаму Мис е чини/дека средствата нема да стигнат и од резервите тие 100 милиони ќе треба да бидат потрошни, а дали државата ќе биде толку силна, тоа, е друго прашање. Затоа се согласувам со Предлогот на буџетот што го даде Владата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, овие средства што се предвидени за вакви случаи се минорни во споредба со потребата, ако таа потреба ја сфатиме навистина како што треба и ако сакаме да обесштетиме оштетени луѓе уште од 1945-та година наваму и со национализација, експропријација и сл. на тоа што било правено. Затоа јас имам конкретен' предлог не со оваа буџетска ставка, туку да се формира Републички фонд за надомест на штета." Како би се обезбедувале, затоа што ќе има многу потреби. Ние ќе ; почнеме да го расправаме процесот на приватизацијата. ;-Ќе -имаме ние случаи кога ќе треба да враќаме земјиште, кога ќе треба да се врати некоја зграда, кога ќе треба да се врати нечиј имот итн, Ќе имаме случаи кога може да се утврди имотот чиј е и кога ќе може можеби да се врати. Т, Има случаи кога не може тоа, бидејќи се измениле околностите. Како би можело да се обезбедат средства во тој Републички фонд за надомест на штета. Приватизацијата која што ќе се врши со продажба на одредени претпријатија, со уплатата на парите во Фондот

републички за развој, бидејќи имаме републички фонд за развој, еден дел од тие средства можат да бидат наменети во тој фонд Републички за надомест на штета па од таму сите случаи што ќе се јавуваат низ една регулирана постапка ќе можат да бидат обесштетувани толку колку што ќе .можат да се создадат услови. Таков фонд за надомест на штета е потребен. Таков предлог за фонд за надомест на штета, не е оригинална мојата идеја веднаш да кажам на пример се подготвуваат да формираат и во Словенија и на други места. Затоа за овој предлог мислам дека треба да се размисли. Јас сега го покренувам овој предлог во врска со овој случај, а ќе го покренам и тогаш кога ќе расправам еза приватизацијата. ...

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека тоа е точно што беше изнесено и не се мешам во правните и правосудни органи и нивните објаснувања. Меѓутоа, ми се чини дека малку повеќе и придаваме важност на историјата отколку на сегашноста. Би направил . само една споредба. Кога ќе дојде после амандманот за вакцинациите со 4 милиони динари можеме да купиме вакцина само против детска парализа. Дали не можеме да заклучиме нешто друго. Овие работи кои што сме ги наследиле за што и претходниот дискутант дискутираше постепено да ги надополнуваме низ низа години, а не да ги решиме во една година, или во две, затоа што имаме уште потешки проблеми за решавање. Така беше напоменато за денационализацијата итн. Мислам дека малку повеќе придаваме важност на она што сме го наследиле од минатото, отколку на сегашноста што не тишти и што ќе не тишти многу години.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да изразам поддршка на амандманот што го поднесе Ристо Станковски од причина што на некој начин и министерот за финансии даде начелна согласност доколку Собранието го поддржи дека може да го прифати со оглед на тоа дека во текот на годината по оваа ставка,доколку се укаже права потреба дека ќе може да биде надокнадена, бидејќи државата е обврзна тоа да го надокнади, имајќи во предвид во какво време се наоѓаме сега, во една хиперинфлација. Навистина економски не е оправдано одредени средства некаде да мируваат, заради тоа да чекаат, туку ако се укаже потреба тие да бидат употребени. Мислам дека сега рековме и тоа ќе го дискутираме и по следните точки најголеми потреби сега за покривање на состојбите во кои се наоѓа и студентскиот стандард и земјоделието дека се акутни и дека е битно сега навистина со било какви средства кои ги имаме да можеме на време да интервенираме и тие средства да се валоризираат во правата смисла на зборот, а не одредени средства да чуваме, а по два,три месеци тие средства нема да бидат доволни да се заврши било каква задача со нив. Од тој аспект мислам, бидејќи министерот рече, јас потполно се залагам дека ова е обврска на државата и дека тие работи мораме да ги извршиме, меѓутоа, најрационално е сега и најпаметно е средствата колку што е можно да бидат рационално користени. Од тој аспект го поддржувам и молам да биде поддржан амандманот на Ристо Станковски, тие средства сега во овој момент кога имаат одредена вредност да бидат употребени за заштита на студентскиот стандард и земјоделието, а во текот на годината доколку се укажат тие потреби, значи како позиција си стои во Буџетот, меѓутоа средствата да ги користиме сега кога е најрационално и најкорисно.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас колку го разбрав господинот Ристо Станковски не станува збор за формалната процедура на остварувањето на правото од погрешно осуден, од штета на погрешно донесена пресуда. Колку што јас разбрав прашањето на господинот Станковски се однесуваше за правилни мерила и критериуми во врска со оценувањето на износот на штетата. И треба да се објасни дали тоа станува по Законот за облигационото право, по општите начела за надомест на штета. За тие критериуми треба да стане збор. И министерот мислам дека во таа смисла требаше да даде образложение, а не од формална процедура дека странката со укината пресуда има право до Министерството за правосудство и управа да поднесе барање и на спогодба како вонсудско порамнување ако не е задоволен да оди во спор, во граѓанска постапка да го оствари . . правичниот надоместок. Јас мислам дека основните начела. за добивање на тој правичен надоместок се утврдени во облигационото право и врз основа на критериумите на облигационото право се добива овој надомест на штета.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Влегуваме во една непотребна расправа. Ова го нервира човекот, ова го нервира и не може да не одговори. Па, ние сме тие кои го донесовме тој член,па ние сме тие кои ги рехабилитиравме луѓето. Некои сега не сакаат да поцрвенат, да се засрамат тие што не судеа. Зборувам од името на политичките затвореници. Никој не е против тоа да им се даде вакцина на децата. Ние старите ќе треба повеќе вакцини да земеме.

За тоа ќе зборувам подоцна, за што имаат дадено предлог господата доктори по нивниот буџет. Се согласувам и со господинот Гошев, дека ќе имаме поголеми потреби. Меѓутоа, се задржувам, повеќе на овој буџет кој е можеби недостаточен. Затоа ве молам малку да помислите,да ја поддржите Владата во тој поглед на буџетот, да се отфрли тој амандман. Да не навлегуваме во полемики, затоа што ако влеземе во полемики го менуваме и ликот како да не сме тие истите кои го изгласавме тоа„во Уставот.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, имам впечаток дека кога имаме некој амандман, или некој предлог забораваме после за што стану^ ваше збор. Стануваше збор за позицијата 110 и износот предвиден од 40 милиони динари и амандманот на пратеникот за намалување на овој износ, ставот на Владата дека не треба да се намали. Другите прашања тука воопшто не се спорни. Се работи за уставна обврска од член 13'став 2 за надомест на штета на неправилно, незаконито осудено,или притворено лице. Ако има случај на незаконито осудено лице државата мора тие пари да ги надомести.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ**: (Продолжение)

Од тука се залагам за следното. Да не дискутираме, да не ја рашириме дискусијата за тоа што разговараме за конкретна позиција. Сум за тоа да има позиција за ова. Меѓутоа, ние не знаеме колку средства ќе ни требаат во текот на"годината. Тоа се работи за една идна неизвесна околност. Нека има позиција, па државата, односно Владата ќе интервенира, или од резервата или од нешто друго и на тој начин ние ќе ги решиме проблемите'^ Вака ние губиме време за некоја постапка, како се решава. Ако имаме забелешки на постапката што ја спроведува Министерството за правосудство, ние можеме како пратеници да бараме извештај, информација од Министерството4 како се решени досегашните случаи и тоа да го видиме,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Жута бара збор?

**БЕЌИР ЖУТА:** (од место)

Ова е суштина, ова е уставна обврска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Ристо Стаменов.

III/2

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас незнам дали принципот, како тргнавме дали ние ќе можеме да изгласаме Буџет и на почетокот би го поставил ова прашање, зашто. Ако ние имаме 100 амандмани и со нив се бара зголемување на Буџетот за 20, 30%, дали ако пола од тие амандмани . се прифатат и се оправдани, ќе најдеме извори на средства и сметам дека јас кога би го водел ова, би тргнал од тоа прво да се изјасниме дали ние ја прифаќаме оваа рамка на Буџетот 75 милиони динари или ќе ја зголемиме. Секое понатамошно предлагање да каже од кои да се зема, на која позиција да се даде. Во противно, тешко ние ќе донесеме Буџет. Зашто тоа ви го велам? Ние вчера цел ден дискутиравме овде за тоа дали да се прифати овој Буџет или да не се прифати овој Буџет? Ако се одлучиме каков таков начин на донесуваше на Буџетот да го прифатиме овој начин на донесување на Буџет,\ тогаш мораме да ги утврдиме рамките на големината на Буџетот за оваа година. Ако пак се одлучиме да носиме на друг начин Буџет, тогаш да се одлучиме Буџетот да не се прифати и да се донесува нов Буџет по нови услови. Без ова да се реши, сметам дека ние ќе се изгубиме во шумата кога ќе дојдеме таму некаде до 50-от амандман и од прилика не знаеме дали министерот ќе биде во состојба тоа да го прати и да каже колку плус приходи да даде и од каде ќе ги најде овие извори на средства. Јас би молел ако може по ова принципиелно да се произнесеме и тогаш. би можеле да го решиме Буџетот, или во спротивно ние тешко да донесеме Буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Принципиелните произнесувања, т.е. расправата во начело заврши. Сега одиме на амандмани, а оној кој го предлага Буџетот нека си пази на тоа каков е резултатот на расправа ех во начело и по секој амандман ќе си знае овде да си каже. Тоа е задаток на Владата.

Дали уште некој друг бара збор по амандманот?

Ако не бара збор, сакам само да напоменам овде имаше еден интересен предлог кој не е непосредно врзан за амандманот, тоа е предлог на господинот Гошев, да се повеќе формира, обезбеди повеќе надокнада на штета.

Видете, мислам во врска со тоа. Само еден момент. Јас прашав па немаше никој од вас, никој не се јави. Во врска со тоа потребно е.

Прво, да се донесе закон со кој ќе се утврди кога има основа за враќање на одземен имот, конфискуван имот. Тоа е реприватизација и не е накнада на штета и затоа тој дел прво треба да се регулира и да се уреди. Ако осудениот потоа бара и накнада на штета заради што е лично суден и малтретиран итн. тоа е втора работа, со посебна судска одлука спаѓа во овој дел каде што е сега.

Затоа, она што го спомна господинот Гошев не е во оваа ставка, туку е во друг закон и друга материја и убаво е што го спомна од тој аспект да ја потсетиме Владата за подготви таков закон.

Кога ќе го добиеме тој закон, ние за тоа ќе расправаме и ќе се тогаш утврдат и изворите за реприватизација,

Тие на пример ќе бидат оние кои и во чија сопственост се сега или кој сега ги користат итн. па накнадно ќе се види како ќе се обезбедува. Тоа е тогашна материја, не е сегашна. Сегашната материја ние само амандманот, и сега разјаснивме што е суштината на овој амандман, бидејќи никој веќе не бара збор по амандманот го давам амандманот на изјаснување на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас и не мислев на оваа стапка 40 милиона, кога го спомнав ова. Меѓутоа, јас мислев дека тоа прашање треба брзо да се реши, заради тоа што ние имаме приватизација и извесни продажби и фонд имаме формирано. Средства извесни се уплаќаат во тој фонд. И ако ова на време го направиме прашање, и ако го прифатиме како фонд за надомест на штета од овој аспект од кој што зборат и за кој што сега прошири' претседателот на Собранието, ќе можеме таа работа навреме да ја тераме. Јас на тоа мислев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е работа на овој амандман. Тоа е суштината, инаку има место за да се забрза тој процес. Тоа е во ред.

Значи, кој е за амандманот молам да крене рака.

(30 пратеници гласаа за овој амандман)

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен

Треба 40.

Отворам претрес по амандманот на член 2, реден број 3 конто 730 поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Молам, кој бара збор?

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Комисијата за земјоделие и шумарство на својата седница кога го разгледуваше предлог буџетот востанови дека предлозите кои ги даде во нацртот на буџетот од страна на Владата во предлог на Комисијата не беа прифатени. Уште тогаш во Нацртот некои земјоделски култури посебно стратешките култури беа опфатени за регресираше посебно на каматите, меѓутоа, во предлогот не се прифатени и, овие средства кои беа тогаш одредени од 2,5 милијарди динари, Комисијата сметаше дека треба да бидат зголемени. Од овие причини Комисијата предложи амандмани, со оглед дека немаше од други позиции да зема, предложи да се зголеми приходниот дел на Буџетот и тоа од данокот на промет на тутун. Имајќи ги податоците од тутунските претпријатија и од други што се реализираат цигари во продажба во Република Македонија се смета дека приходите од данокот на овие цигари ќе се оствари повеќе од 10 милијарди и 300 милиони. Во таа смисла со оглед да сите други даноци кои се дадени во образложението на приходите на буџетот од данок на алкохоли кои растат преку 370% додека кај тутунот тие се намалени односно не растат ни преку 200%.

Од овие причини Комисијата сметаше дека е потребно да се зголеми приходот на Буџетот со 2 милијарди динари, и овие средства да се наменат

во позицијата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство односно за регресирање на каматите на делот кредитите посебно за стратешките култури. ОД оваа причина, имајќи ги предвид и Законот за поттикнување на земјоделието во кој има доста амандмани од пратениците за да, се вклучат и други земјоделски култури посебно стратешките, сметавме дека овие средства се многу мали и нема да ги задоволат потребите во тој закон. Ако се прифатат амандманите на Комисијата, сметаме дека и Законот за поттикнување на земјоделието ќе биде во функција. Ако не се одобрат и ако не се обезбедат вакви средства, законот за поттикнување нема да биде во функција и затоа предлагам овие амандмани на Комисијата да бидат прифатени

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитуван претесдателе, почитувани пратеници, имајќи ги предвид исклучително тешките состојби во аграрот, сметам дека овој амандман треба да го поддржи ова Собрание, бидејќи низ сите овие барања се содржани во претходната анализа на состојбите во аграрот од 1986 до 1990 година и тие заклучоци практично се усвоени, а овој амандман е дел на тие заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Тогаш да му дадеме збор на министерот Тошевски.

**МЕТОДИЈА. ТОШЕВСКИ:**

Во образложението што го дадовме на комисиите и вчера во одговорот во врска со овој предлог спомнавме дека не се работи за грешка туку за намера. Имаме амандман кој предвидува отстапување на дел од посебниот данок на промет, но во целина се однесува за данокот на промет на општините.

Од тие причини мислам дека амандманот не треба да биде прифатен, а проценките кои се прават во овој амандман не одговараат на фактичката состојба, бидејќи ако се следи промената нас условите во пресметувањето на данокот на промет кај цигарите со издвојување од носно излегување од обврска за пресметување од данокот на промет од цигарите кои се реализираат во другите поранешни републики, бидејќи тие сега не подлежат на општата обврска за пресметување на данок на промет по сојузен пропис, туку по републичките, обемот на прометот на цигарите одговара на проценката што е направена во предлогот на буџетот и на проценката што е направена за отстапуваше на дел од данокот на промет на општините. Владата останува на ставот да не се коригира оценетиот приход по овој основ утврден во приходниот дел на Буџетот.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Мислам дека министерот вчера на некој начин прифати дека ова не е реално. Тоа го кажа во своето излагање а исто така податоците од "Југотутун" и од другите претпријатија. Се работи за цигари продадени само во Републиката, не се работи за цигари продадени во другите републики,

туку исклучиво во Република Македонија и по сегашната стапка на данокот се очекува дека ќе бидат обезбедени 10,3 милијарди динари и затоа да не се ставаме во заблуда.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, би дал еден предлог, ако може, бидејќи станува збор за многу значаен документ за усвојување на буџетот за РМ за 1992 година, а исто така мислам дека не е мал бројот на поднесените амандмани Јас би го замолил претседателот, доколку е можно, во неговото сценарио за секој амандман да се прочита во што е суштината, па да се прочита ставот на Комисијата, за да можеме да бидеме во тек со следењето за суштината на секој поднесен амандман. Имам впечаток, може да ни се случи заради замор и заради огромниот број амандмани треба да ги листаме, некои значајни амандмани кои треба да поминат да не поминат, а оние кои не треба да ги усвоиме и да направиме една голема збрка. Без разлика што е тука и предлагачот, што може да интервенира, но јас мислам ако е можно во сценариото да се каже. во што се состои точно предложениот амандман на предлагачот, ставот на Комисијата и нормално потоа реакцијата на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, разговараме за амандманот под реден број 3 конто 730. Дајте да го прочитаме амандманот.

(негодување во салата)

Велите да го прочитаме јас мислам дека ги следите работите,,сите ги имате кај вас, ве молам, водиме претрес по амандманот на член 2 реден број 3 конто 730, поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство. Тоа беше расправата. Дали треба да го читам тој амандман? (не) Еве сега се поделивте некој вели треба некој не треба. Инаку многу време ќе изгубиме и јас ве молам секој да си го прочита. Тоа е амандман означен  со римско I од амандманите што ги подготвила Комисијата за земјоделство и шумарство, а содржан е во нивниот извештај. . Тоа е амандман I каде што има многу бројки. Сега го имате и ставот на Владата.

Еве господинот Трајан Мицевски бара збор по истиот амандман.

.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, јас потполно се сложувам со амандманот на претседателот на Комисијата за земјоделство и шумарство дека треба да помине, а воедно сакав, да поставам едно прашање до Владата, односно министерот за финансии, ние веќе носиме закон за поттикнување на земјоделството и шумарството, а плус тоа и анализата и информацијата за аграрот во 1992 година

Дали предвидените законски одредби што треба да се применуваат со Законот за поттикнување на земјоделството ќе бидат, ако не се усвои овој закон, обезбедени средства што се предвидени со законот за поттикнување на земјоделството, за стратегијата и за дел на регресите и на сите овие што се предвидени со анализата и информацијата за наредната 1992 година.

Сметам воедно и да укажам во моментов дека ние велиме за унапредување на земјоделството, а изгледа не го унапредуваме со тоа што ако ги спореднме позициите дадени 51, 52, 53 сносат, овие се обвинителствата од помалку средства носат од што се предвидени за боречката организација. Значи, овие средства колку тука се поголеми, а за овие трите обвинителства и судови во Битола и Штип и другите се помали од предвидените средства за боречката организација која тие на некој начин се обезбедени, се пензионери, се социјално осигурени, па што е сега ова плаќање на функционери или други давачки таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде има едно прашање дали предлогот содржан во законите што се однесуваат на земјоделството износот е внесен во Буџетот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Одговорот е на прашањето потврден, бидејќи Буџетот е димензиониран на правата што се утврдени со законите кои се на дневен ред и се придружни на Буџетот.

Кога веќе излегов, повторно, во врска со оценката на приходот, мислам дека не можеме да ја прифатиме оценката што се прави на критериумите кои не се единствени на кои ние ги правиме критериумите. Прилогот кон тоа е и податокот за остварувањето на основниот данок на промет за двата месеци. Од можните 16% од годишниот обем за двата месеци се извршени во висина од 5,41 Велам овој податок да го имате предвид.

Второ, обемот на данокот на промет за преку 2 милијарди и 300 се намалува поради смалувањето на продажбата, она што објаснував по други основи. Според тоа, мислам дека реална е оценката што е дадена во претпоставките на образложението на Бу: . џетот, тоа го имате на страниците 6 и 7 од образложението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој) .:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (48 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не).

Фактички амандманот доби, затоа што 65 пратеници се присутни.

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 2 реден број 3, конто 730, поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Отворам претрес по амандманот на член 2, реден број 24, конто 433, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Молам, кој бара збор?.

За збор се јави пратеникот Марин Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Амандман II гласи: "Во билансот на приходите и расходите на Републичкиот буџет, во делот на расходите во позицијата 24, конто 433, други потреби, интервенции во стопанството, износот 22585 милијарди се заменува со износот, фактички се зголемува исто толку средства амандманот II во позициите кои се наведени во извештајот". Се заменува износот 25 милијарди и 975 иљади и во се група 43, износот 23 975 милијарди се заменува со износот 25 милијарди 975 иљади и вкупно расходи од 12 до 38, износот 75 и 890 се заменува со износот 77 иљади 890 милиони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа беа приходи, сега се расходи.

Сега да ја прашаме Владата.

Дали некој друг бара збор во врска со ова прашање?

(Никој).

Претставникот на Владата?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Иако не беа респектирани аргументите во првиот амандман, Владата моли да се направи резервација во поглед на таа оценка и бидејќи стојат аргументите дека ќе потфрли оценетиот приход вака како што е даден од пратеникот, останува на предлогот амандманот II да не се прифати и соодветно да останат и решенијата што се дадени по однос на регресите.

Но, тоа ќе биде прашање кога ќе дојде таа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Да се разјасниме за што станува збор. Со првиот амандман се утврдија поголеми приходи врз основа на критериуми кои не се признаени од страна на Министерството за финансии. Оценка е на Комисијата која не е компетентна да оценува такви работи дека во Буџетот ќе дојдат повеќе пари, отколку што оценува Министерството за финансии. Ние кога гласавме овде во Собранието, тогаш гласавме и дадовме доверба на Комисијата дека подобро ги проценува приходите, отколку Министерството,за финансии. Сега тоа го сторивме што го сторивме, колку го сторивме добро нека го.

Втора работа е што тие зголемени приходи овде се распоредуваат на позиции со зголемени расходи. Ако ова не го усвои, ме, вториот амандман сакам да обрнам внимание, последици од првиот амандман, нема. Но, Буџетот ќе биде неурамнотежен, ќе има повеќе приходи, отколку расходи. Бидејќи Министерството за финансии оценува дека нема да се остварат тие приходи во практиката нема ни да дојде како нерамнотежа. Ако е во право Министерството за финансии и ако му веруваме. Тоа треба да се има предвид, но ако создадеме овде расходи, а ако е исправна оценката на Министерството за финансии, тогаш во текот на годината мораме да ги менуваме инструментите што обезбедуваат приходи, па ќе мораме да воведуваме додатни даноци или нешто слично.

Затоа, треба да бидеме свесни што работиме. Кога секој амандман овде сега се гледа треба да бидеме внимателни. Ова е Буџет и јас не ви

сугерирам како да гласате, само сакам да знам и сите да сме начисто што е тоа за што треба да се изјасниме.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Со вториот амандман јасно е дека овие средства се наменуваат по интервенции во стопанството. Тоа е со вториот амандман. А со третиот амандман се насочуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оставете го третиот амандман, после ќе го гледаме.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Во ред, вториот амандман е интервенции во стопанството Значи, се зголемува за толку интервенции во стопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На Собранието сакам да му обрнам внимание на следниот факт. Кога расправаме посебно за приходите, ние треба вистински да ги оспориме критериумите на Министерството за финансии на Владата за формирање на приходите, па потоа да можеме да ги регулираме. Овде не настана расправа за критериумите. Тоа е крупна недоверба и мораме да се разбереме за тоа. Имплицит на крупна недоверба.

Дали уште некој друг бара збор по однос на вториот амандман? (Никој).

Го чувме ставот на Владата.

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (33 пратеници гласаа за овој амандман).

Молам, нека ми ги соопштат повторно и гласно колку гласаа кај вас,и колку гласаа овде.

Според тоа, 33 гласаа за овој амандман, па амандманот не е усвоен. Ако се сомневате, повелете барајте поединечно гласање. Инаку, ќе изгубиме многу време и ништо нема да направиме.

За збор се јави господинот Марин Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Во тој случај барам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, пратеникот Миленковски бара поединечно да се гласа.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Штом има помалку од 79 пратеници, се бара 1/3, значи 40, а не се бара просто мнозинство овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно знаете дека по Уставот штом се помалку од 80 присутни, тогаш 40 гласа се потребни, но немаме 40 гласа. Молам, потребна е консултација, зашто вака ако одиме ќе погрешиме во обликувањето на Буџетот, а Буџетот е многу сериозна работа.

Молам, ќе дадеме една кратка пауза од половина час.

Министерот да си одржи состанок со претседателите на комисиите, да поразговара околу овие работи и да не доаѓа овде да се убедуваме. Зашто, мене ми е незгодно, бидејќи тие работи се основни.

Прв Буџет ни е и вакви грешки да не ни се случуваат да ги правиме. .

Молам, за половина час пауза.

(Пауза од половина час).

(седницата продолжи со работа во 14,25 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Господине министре, овде имавме два амандмана на Комисијата за земјоделство и шумарство. Во едниот амандман се дадени процени на приходите и предлог за измена на стапките кај приходите, а во другиот се дадени предлози на стапките за расходите и намената

Првиот амандман овде се усвои, а вториот беше одбиен.

Ве молам, врз основа на што и со која цел ќе остане таков амандман во буџетот како што е усвоен. Дали вас не ви се поставува сега прашање на структурата на буџетот.

Повелете објаснете го сега тоа и да видиме која е вашата оценка.

Ние уште расправаме за буџетот и можеме да исправиме некои евентуални грешки ако настанале.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе вие со право укажувате на буџетската нерамнотежа што би настанала со прифаќањето на амандманот 1 и со неприфаќањето на амандманот 2 кој го санкционира решението од првиот амандман.

Владата укажуваше и укажува дека вкупниот обем на буџетот може да се менува само ако се променат параметрите што се утврдени со макроекономската политика на Владата. Бидејќи до таква промена не дојде,

а и оценката за прифаќањето на амандманот 1 од страна на Владата е дека и натаму изразува резерва во поглед на неговата можност да биде реализиран.

Јас не знам што е можно по Деловникот на Собранието но мислам дека амандманот 1 исто така треба да биде доведен до преиспитување, а доколку не дојде во таков случај би ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие сега со право укажувате на нерамнотежата во буџетот и ние сме должни да отвориме расправа по првиот амандман што е усвоен.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Доколку до тоа не дојде...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мораме да отвориме расправа па да видиме што е.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Добро благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,според тоа молам претставникот на Комисијата за земјоделство и шумарство повторно да си каже мислење дали го повлекува овој амандман или останува на него и што можеме да направиме сега, бидејќи не е прифатен вториот негов амандман.

**МАРИН МИЛЕНКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед дека амандманот 1 беше прифатен од Собранието, амандманот 2 и амандманот

3, со амандман 1 се поврзани. Амандман 1 е во претходниот дел, а амандман 2 и амандман 3 е расходниот дел во буџетот. Според тоа нема логика да не бидат прифатени двата амандмани, а за прогласуваше на првиот амандман, јас мислам дека нема потреба затоа што тој е усвоен.

За вториот амандман, што не беше усвоен побарав со прозивка да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првиот амандман е усвоен и има за цел да створи можност да се усвојат вториот и третиот амандман, но вториот амандман не е усвоен.

**МАРИН МИЛЕНКОСКИ:**

Побарав повторно да се гласа со прозивка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И покрај сите укажувања на министерот.

Молам, од разговорите што се заклучи да видиме. Бевте ли на консултации.

**МАРИН МИЛЕНКОСКИ:**

Бев на консултациите и не се согласив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам претставник на Комисијата за финансирање и буџет, дали учествувавте на разговорите и кој е вашиот став Ве молам.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Со сите предлагачи на амандманите по Предлогот на буџетот за 1992 година во разговор со министерот за финансии Методија Тошевски двете страни си останаа на своите мислења така да предлагачите на амандманот си остана на своите амандмани. Министерот за финансии укажувајќи го обемот и висината и можноста на тоа да буџетот има рамка која што е зацртана со макроекономската политика остана на он!а висина која што ја има и во .глобали, а исто така и по структура не можејќи да изнајде соодветни решенија за прифаќање на одредени амандмани.

Конкретно по амандманот 1 , амандманите 2 и 3 Комисијата не ги прифати од причина што смета, а тоа е и работен заклучок на Комисијата дека буџетот треба да се движи во онаа рамка во која што е зацртан со макроекономската политика и да биде во согласност со движењето на општествениот производ. Поради тоа меѓу другите амандмани и овој амандман на оваа Комисија не беше прифатен од Комисијата.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**

Овде забуната доаѓа, доаѓа од самата Влада. Тука се работи за две милијарди динари. Од материјалите доставени до пратениците на Парламентот во однос на Предлогот на буџетот за 1992 година во образложението кон предлогот на буџетот во претходниот дел на стр.6 предвидени се приходи од основен данок на промет од продажба на цигари во износ од 2 милијарди и 900 илјади динари, дури со образложение на стр.7 дека тие приходи ќе се редуцираат на 2 милијарди и 270 илјади динари.

Сметам дека приходниот дел на буџетот од продажба на цигари во Македонија е премногу ниско пресметан. Наша проценка е дека приходите од данок на продажба на цигара во Републиката ќе изнесуваат околу 10 милијарди динари. Во првите два месеци во минатите години во Македонија се трошат преку 4,5 милиони цигари. Во првите два месеци продажба на цигари е зголемена на преку 500 тони што значи дека оваа година во Македонија ќе се продадат 6 илјади тони или 6 милиони т^они тутун цигари.

Друг податок е што асортиманот на цигарите се менува кон погорните класи, каде што данокот на зафаќање е многу поголем. Овие средства што ќе ги кажам се пресметани со просечна даночна стапка од 4 6% на претпоследното поскапување. Знаеме ние дека следат и други поскапувања на цигарите и ако на 4,5 милиони килограми пресметана е просечна даночна стапка од 46% тоа изнесува некаде 13-14 милијарди динари, а не како што е прикажано тука 2 милијарди и 900 илјади. Тие 2 милијарди се за регресирање на камати во самото земјоделство. Како е ова 2 милијарди, тоа досега никој го нема објаснето и јас молам претставникот на Вл^адата да објасни за 2 милијарди и 900 илјади динари од цигари, бидејќи тврдам дека продажбата на цигари е зголемена без оние цигари што се шверцуваат тука. Ако спречи некој да не се шверцуваат тоа е уште една до две милијарди во нашиот буџет. Зошто не се спречува тој шверц знаеме сите, органите се зафатени со други работи тепаат луѓе таму. (уфрлување од место)

Да, да точно е, не може 15 милијарди приход да се споредува со 2 милијарди и 900 илјади.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине министре вас директно ви е поставено прашање околу процената на данокот на промет од цигари.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Го расправавме и тоа прашање на Комисијата и ги афирмиравме уште еднаш податоците за остварувањето на основниот данок на промет за првите два месеца. Основниот данок на промет е планиран во буџетот со 22 милијарди и 700 илјади. Од него во јануари е остварено 628, а во февруари 598 милиони или вкупно 1 милијарда и 200 илјади или 5,4 од годишниот износ, а треба да биде 16 отсто за двата месеца од годишниот износ.

Второ, тоа го одбегнав во претходните објаснувања да го дадам, дури и да има разлика во проценката не може да се врзува и не се врзува приход од еден основ со расход од ист основ. Владата го анализираше повеќе пати не само прометот на тутунот туку на сите тарифни броеви од данок на промет кај кои настануваат битни промени со сето ова реструктуирање на стопанството.

Од вкупната продажба на цигари во Македонија само 20 отсто се цигари кои се оданочуваат со данок на промет во Републиката. Педесет посто од нив одат во прометот со Србија, а околу 30 посто во прометот со Хрватска и со Словенија. Овие се аргументите и елементите врз кои Владата односно Министерството за финансии ја има направено проценката на основниот данок на промет.

Јас во име на Владата останувам на ова што е содржано во Предлогот на буџетот.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Јас не реков за нашите цигари кои колку се продаваат. Наши цигари можеби годинава нема ни еден тон да се продадат од фабриките од Македонија. За вкупната продажба на цигари, од сите цигари од Нишка фабрика , од Ровињска фабрика, овде данокот 65 насто останува во Македонија. За тој данок зборувам, не зборувам за нашите цигари. Четири ипол милиони наши цигари не се трошат овде. Наши цигари можеби еден ипол милион се трошат од трите фабрики. Се трошат овде 4,5 милиони цигари од сите фабрики од другите републики. На основа на тој данок со последната цена, со просечна стапка од данокот 46 посто на 100 динари просечна цена , што е малку, што не е реално се некаде преку 13-14 милијарди динари. Тоа ќе е ќе. Ние се ќе правиме, ама не оди. Ние овде зборуваме за продажбата на цигари од 4,5 милиони, а кои годинава ќе бидат 5,5 милиони килограми најмалку.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Прво, јас не употребив израз наши цигари, туку промет на цигари во Републиката.

Второ, сепак е нереалноста на бројката и низ еден друг параметар можно да се види.

Ако вкупниот основен данок на промет ние го проценуваме на 22 милијарди и 700, а во него голема ставка покрај цигарите се и групацијата на производи по општа стапка (нафтени деривати, пијалаци, патнички

автомобили, производите битни за стандард, луксузни производи, опремата, храната и другите услуги) нереално е да очекуваме дека само цигарите кои во структурата учествувале во минатата година кога се оданочуваа и оние цигари кои се продавани и во Хрватска и Словенија , и во другите делови на поранешниот стопански простор со 22, дека половина од приходите од данокот на промет ќе го направат цигарите. Имајте ги тие две големини како параметар и ќе видите дали е реална оценката

затоа што данокот на промет по основ на цигарите ќе носи 50 посто од приходите од основниот данок на промет.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**

Двете милијарди што треба да се пренаменат од данокот на цигарите се од цигарите што се во продажба во Македонија, а со Словенија и Хрватска е друга работа. Данокот таму останува и таму ќе се продадат 19 илјади тони цигари. Ако ние рачунаме на тоа овде ќе треба да биде некаде 40 милијарди. Двете милијарди наменети се за регреси , за камати во земјоделието се од цигарите што се продаваат на територијата на Република Македонија. Тие цигари што се продаваат во Македонија , данокот останува во Македонија. Не случајно ние побаравме од цигарите, од еден финален производ. Најлогично е од цигарите да одат средствата за регрес на земјоделците. Ова нема никаква врска со продажба на цигари во другите републики. Таму се продаваат по фабрички цени. Затоа шверцуваат тука со поевтини цигари, бидејќи се продаваат по фабрички цени. Двете милијарди се од регресот од цигарите што се продаваат во Република Македонија.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

По се изгледа прашањето добива несакани димензии, но мислам дека Собранието треба да се договори и да остане на основниот договор. Сака ли буџет во димензии преку 38 посто од општествениот производ. Мислам дека одговорот е потврден, дека не сака преку 38. Ако не сака преку 38 отсто да останеме на таа

релација и не треба да се измислуваат додатни приходи кои ќе ја надминуваат рамката преку 3 8 посто.

Второ, не е познато во теоријата за буџетско финансирање дека еден сектор своите приходи што ги создава преку даноци или на друг начин тие да треба да му се вратат на тој сектор.

**БЕЌИР ЖУТА:** (Продолжение)

Ако државата своите функции ги финансира така парцијално, тој сектор колку создал толку да добие, мислам дека ќе го најдеме брзо крајот. Ве молам, немојте со такви поставки, допуштете систем да градиме.

Трето, зад овие концепции за вештачко зголемување на приходниот дел за да се додадат два амандмани кои наменски тие вештачки зголемени приходи да се апсорбираат во регреси во земјоделието тие се продукт на други амандмани за кои ќе се расправа кога ќе дојде законот за поттикнување на земјоделието. Ве молам, имајте предвид уште нешто. Оваа Република сакали во земјоделието да има национален интерес или ќе ги препушти работите на стихија. Јас мислам дека сакам да го утврди тој национален интерес, а ова Собрание е тоа што ќе го утврди тој национален интерес, а ќе го утврдува, преку политиката на заштитните : цени, преку политиката на премиирање на одредени земјоделски производи на тие заштитницени, преку политиката на регресирање, а сите тие работи ви се презентирани. Сакате ли покрај пченицата како национален интерес, покрај пченката, покрај маслодајните репки, покрај шеќерната репка, млекото, месото и волната, сакате и се што произведува земјоделието во оваа република да биде предмет на заштитни цени, сакате се да биде предмет на премии,сакате се да биде предмет на регресирање на каматите и слично мислам дека тогаш не ќе има национален интерес, не ќе има национален интерес во земјоделското производство, а овој парламент ќе може да одредува и национален интерес во земјоделското производство и да ја менува структурата на тоа земјоделско производство само преку политика а не со декрети. Никој никому не може да му наредува со што ќе ги посади своите површини, но преку економската политика што ќе ја создава, преку

овие инструменти за кои денеска треба да расправа овој парламент ќе го поттикнува економскиот интерес кај земјоделските производи за менување на тие структури на тие земјоделски структури. Ве молам, веќе делуваме во едни други услови, Дајте да се однесуваме дека само во тие рамки мораме да се организираме и во земјоделското производство и во структурата на земјоделското производство и да го прилагодиме на потребите на ова население кое живее на ова подрачје за да ги надмине проблемите побезболно. Немојте се, па и ова да треба и феферонките и бостанот и краставиците да бидат предмет на премиирање и регресирање. Ве молам, оставете ги тие работи кога ќе дојдеме на тие закони, кога ќе расправаме за таа политика, тогаш да се договориме дали тој предлог што го дала Владата е доволен или уште кој производ треба да влезе во него, но немојте сега со буџетот да ги прекројуваме работите, се уште не сме се договориле за политика. Мислам дека малку одиме пред време за некои работи.

Водете сметка за она првото, ако се договараме да нема пречекорување на 38%, ве молам, никакви вештачки зголемувања на приходниот дел, да создаваме вештачки делови и на расходниот дел. Се знае или ќе згасне некоја позиција ако веќе сакаме да форсираме друга позиција во расходниот дел, или рамката ќе се руши, а таа се руши во приходниот дел преку нови давачки, реални а не измислени вештачки приходи.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас се согласувам со ова што сега го изнесе Владата меѓутоа во макроекономската политика овие култури што бараме беа влезени. Ние треба да ги поделиме земјоделските култури на стратешки култури и на

култури кои имаат посебен интерес за исхрана на населението. И во Нацртот на буџетот и во макроекономската политика беа влезени и тутунот и оризот и сите овие култури кои сега во Законот за поттикнуваше на земјоделското производство се изземени и заради тоа бараме овие амандмани да бидат усвоени со тоа што ќе имаме после можност и во Законот за поттикнување на земјоделското производство да бидат вклучени и овие култури кои се од стратешки интерес на Републиката.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ:**

Сигурно дека стимулирањето на земјоделското производство е во границите на можноста на економската моќ на една земја, меѓутоа, морам да укажам дека ние кога расправаме по анализата 86-90 година ние во точка 3 веќе дефиниравме одредени култури, а тоа исто така и колегата Марин добро го кажа дека со економската анализа дека се дадени одредени култури. Конкретно во оваа ситуација се работи за тутунот и за оризот. Односно премиирањето, регресот на каматите за овие култури. Мислам дека треба да се најде соодветно решение за овие култури кои и се национални култури. Во таа смисла предлагам, имајќи го предвид дека еден дел од пратениците не ја разбраа суштината на амандманот 2 да се изврши прегласување по овој амандман.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Пред да кажам нешто конкретно по овој амандман што се дискутира, сакам да потсетам уште еднаш колку бев во право што предлагав да не расправаме за таков буџет кој не е усогласен и кој има 50 или 60 амандмани кој во расходниот дел само бараат, а никој не кажува од каде ќе се обезбедат тие средства. Тоа ми беше јасно и тоа го предлагав и сега

видов дека сум било во право и тоа ќе беше подобро отколку вака надгласувајќи и прегласувајќи или да се убедуваме дека некој не го разбрал амандманот. Јас лично многу добро го разбрав, но никако не можам да се сложам дека треба да го зголемуваме буџетот од 75,9. Спротивно на тоа, ние дискутиравме, а Комисијата за стопанство кажа дека и таа бројка е преголема и обемна. Секоја бројка, односно секој податок, односно зголемување на расходниот дел оваа бројка треба да се зголеми. Ова што ни е доставено сега како предлог од Владата практично ако се усвојат амандманите треба уште 9.587.400 на расходниот дел да се зголеми. Да не зборуваме дека не се сфаќаме и дека не ги разбираме амандманите туку треба да зборуваме од каде и кого ќе го оптоваруваме со овој расходен дел. Конкретно за овој дел овде што се дискутира доколку стварно има резерва во приходниот дел кај што го ние усвоивме по укажувањата, но образложувањето на Владата е дека тоа не е точно. Јас тоа не го знам и не можам да го потврдам бидејќи немам за тоа податоци.

Инаку, по сите амандмани не можам да се согласам да се зголемува расходниот дел, практично мора нешто во приходниот дел да се зголемува, дали даноците мора да се зголемуваат, зафаќањата мора да се зголемуваат, а нема од каде, тоа вчера го зборував, и затоа принципиелно сум против да се усвојат амандманите кои го оптоваруваат расходниот дел.

Овде остана нејасно дали навистина има простор во ставката на цигари, Владата остана должна или недоволно јасна во минатогодишната структура на буџетот данокот од цигарите бил 22,71%, во сегашниот предлог е 12,86. Мора децидно да каже зашто е тоа така да се убедиме

дали има резерва во приходниот дел. Тоа нека се објасни, доколку има резерва можеме евентуално да дискутираме доколку нема резерва апсолутно не можеме да прифатиме расходниот дел да се зголеми.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Јас мислам дека го објаснив тој момент, но ќе го повторам. Системот на основниот данок на промет минатата година како единствен систем во Југославија подразбираше плаќање на данокот на промет на подрачјето каде што се прави прометот, не кај крајниот потрошувач.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кај производителот, така ли?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Кај производителот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа треба да се каже.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Значи, данокот на промет го пресметуваа и го уплаќаа производителите. Бидејќи цигарите што се продаваа во Словенија, Србија итн., во другите републики се подмирување данокот на промет во Републиката и се уплатуваше по поранешниот систем на сметката на Сојузниот буџет, по запирањето на приходите во Републиката на посебната сметка во Републиката, ја направи структурата на основниот данок на промет од цигарите во вкупната структура на данокот на промет со учество од 22,71, тоа е на шеста страна од образложението е дадено. Во 1992

година се зема само 20% од прометот на цигарите што ќе бидат во Македонија продадени преку трговските производните и другите организации и оние кои ќе подлежат на данок на промет во Републиката бидејќи сега данокот на промет го плаќаат не само производителите туку и прометните организации. Значи, секој кој на крајниот потрошувач му продава цигари. Во таков случај на страна 7 тоа е објаснето, се намалува приходот од данокот на промет што на иста структура би бил остварен за цифра од две милијарди и 270 милиони динари. И врз основа на тие проценки структурата во 1992 година во структурата данокот на прометот од цигарите се намалува од 22 на 12,86. Значи, разликата произлегува, промет на цигари ќе има, а на него нема да се пресметува данок на промет.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Ги слушнавме податоците што ги даде Владата, меѓутоа, јас имам едно писмо, известие од Југотутун, кој поинаку кажува. Тоа е деловен систем на Југотутун. Тие во своето излагање велат вака: сметаме дека овој приходен дел од буџетот од продажба на цигари во Македонија е премногу ниско пресметан и наша процена е дека во приходите од данок на продажба на цигари во Републиката ќе изнесува околу 10 милијарди и 300 милиони динари, односно 10,3 милијарди динари и тоа по претпоставка сегашните малопродажни цени на цигари воопшто во текот на годината да не се променат што и апсолутно не може и тоа за цигари продадени во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, значи, вакви разлики не можат да се решат со прегласување туку со стручна работа и со аргументи во комисиите Сакав да укажам уште на други амандмани кои големи пари уште наменуваат на некои подрачја, на некои видови на потрошувачка. Околу 10 милијарди се тие додатни кои или во структурата на влегуваат или сакаат додатно да се зголеми буџетот. Големи се тие зафати што се предлагаат во поедини амандмани кои ни претстојат и тешко е да направиме некој буџет кој можеме да го усвоиме само со нагласување. Тоа е многу тешка работа.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, очигледни дека дојдовме до блокада, а рековме дека пред нас е усвојување на првиот буџет на суверена Република Македонија. Од таа причина јас би имал еден предлог бидејќи буџетот. и нацртот на буџетот беше на расправа пред сите собраниски комисии. Колку што ми е познато од извештаите кои ги добивавме Предлогот на буџетот доби поддршка од сите комисии на Собранието со исклучок на Комисијата за стопанство во која се залагаше и повеќе критика имаше на приходниот дел, дека тој е голем и дека е тоа оптоварување за Републиката, додека сите амандмани што се во понатамошната постапка на усвојување се предложени од пратениците и се однесуваат на расходниот дел, да не речам дека сите од нас како пратеници на некој начин сакаме да бидеме добро дарители, да бидеме во функција, да делиме, а ниеден од нас не зеде и нема храброст да постави амандман со кој ќе направи дополнително зафаќање од буџетот. Мислам, дека на ваков начин не ќе можеме да излеземе од оваа ситуација и не ќе успееме да го донесеме буџетот на Република Македонија. или ќе го донесеме, но тој ќе

биде неостварлив односно не ќе има навистина можности и реални можности тој да биде остварен.

Од таа причина предлагам:

Бидејќи во Комисијата за финансии и буџет имаме сите наши пратеници, таа Комисија е наша, од наши колеги мислам дека треба да им дадеме една целосна поддршка и да ги прифатиме сите оние амандмани кои Комисијата за финансии и буџет навистина стручно и коректно ги прегледа и ги разгледа, ги поддржа, а исто времено тие амандмани ги поддржа и Владата односно предлагачот на буџетот и тие се составен дел на буџетот и како таков да го прифатиме, а сите наши добри желби за кои јас исто така имам респект дека имаат оправдување, ниеден од овие предлози немам мислење дека не држи и дека не треба да се прифати, меѓутоа, мислам дека во овој момент не е вред тие да бидат прифатени. Нека остане, јас сум убеден,а сигурно и вие сте убедени дека уште во април и во јуни ќе имаме можност да вршиме ребаланс бидејќи оваа цифра од 75 милиони динари да не правиме илузија дека до крајот на 1992 година ќе биде доволно. Јас гарантирам еве од ова место нека не ми биде замерено, дека таа цифра можеби ќе биде и 300 милиони до крајот на годината.

Од оваа причина да не губиме сега време, да бидеме рационални. Јас морам да кажам уште нешто. Утрово платив десет ипол стари милијарди хотел. Треба да добијам четири дневници. Потрошив свои три илјади динари бидејќи трошковите се многу поголеми што сме овде. Сите правиме големи трошкови, го оптоваруваме оваа општество го оптоваруваме нашиот производител, граѓанин, а се залагаме за буџет кој на некој начин треба да биде рационален, треба да биде корисен, треба да и овозможи на оваа

млада држава на оваа млада демократија да живее. Пак ќе повторам не сакам да негирам ниту да наметнувам некое свое размислување, но мораме да бидеме рационални и предлагам да бидеме рационални, да ги прифатиме сите оние амандмани кои ги прифати Комисијата и кои се составен дел на буџетот и да го усвоиме буџетот на некој начин со акламација, додуша тоа право секогаш го отстапувавме на Томислав Стојановски, не мое но би предложил така и да завршиме.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Очито дека денеска ние ја продолживме расправата по буџетот и по текстот на буџетот односно во начело. Сметам дека определбата дека буџетот треба да биде квантифициран во висина на 38%односно јавната потрошувачка во висина од 38% од општествениот производ ние ја утврдивме и од тоа не треба да1 излегуваме. Јас кога вчера дискутирав и предложив едно решение бидејќи буџетот е конципиран врз основа на одредени претпоставки кои што денеска веќе се надминати ......

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ**: (Продолжение)

Почитувани колеги и пратеници, инфлација од 270%, а таа веќе денеска е надмината и сигурно во приходниот дел одредени претпоставки ќе се остваруваат и онака како што предлагаат одредени односно укажаа определени пратеници во делот на остварувањето, посебно на одредени стапки што се во делот на производите кои што се од данокот на промет, со повисоки стапки. Во секој случај ние не можеме денеска да квантифицираме точно колку се тие. Оттаму јас предложив Буџетот да се пушта ваков каков е. Амандманите по кои што ние имаме да расправаме и во првиот ребаланс одреден приоритет Владата да им даде на амандманите кои што ќе бидат усвоени. Тоа ми беше и предлогот. Амандманите да не влезат во Буџетот туку да добијат најбрз приоритет на првиот ребаланс што ние ќе го усвоиме. И така ние ќе излеземе од оваа ситуација. Ако сега на лице место правиме измена на Буџетот во приходниот,автоматски ќе треба да правиме соодветна измена и во расходниот дел. Затоа никако не можеме да дојдеме до решение. Амандманите да ги расправиме и одреден приоритет тука да им дадеме со тоа што Владата во првиот ребаланс да предложи ако од цигарите се остварат 10 милијарди сигурно дека прв приоритет треба да добие амандманот кој што сега доби две милијарди динари и по тој редослед да дојде до остварување и вградување во ребалансот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Кљусев, претседател на Владата.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници, овој предлог на буџет тргнува од определени премиси што се вткаеа во макроекономската политика. Меѓутоа, на жалост вие не ја гледавте таа макроекономска политика, но претседателот даде предлог да биде опсервирана и од ваша страна. Живееме во многу динамично време. Промените не се мерат со години. Тие се мерат со месеци, со недели. Притиснати сме пред неизвесности и пред една изнасилена подземна инфлација што ни ја создава остатокот на Југославија. Во такви услови се е релативно. Сфатете го и овој Буџет во неговиот релативитет. Последните две дискусии ме инспирираа со својата трезвеност во пристапот. Јас ви велам, ние сега го разгледуваме и наскоро сигурно ќе имаме прилика да се сретнеме со една многу комплицирана сфера и проблеми како што е монетарната сфера. Таа сигурно ќе ни даде друга визија до крајот на годината. Сигурно нема да дозволиме бројки на инфлации со стотици и илјади проценти. Ќе создадеме другојачии простор на нашето видување на монетарната сфера. Покрај тоа и законите кои следат од областа на стопанството, на свој начин ќе дадат друга ситуираност. Се надеваме ако не далеку али до јуни месец ќе дадеме темел на ревизија на буџетот врз база на сите овие системски закони и за се она што не очекува во блиската иднина. Тогаш со нужен респект ќе ги гледаме и овие амандмани Дај среќа ние да оствариме 10, 12 или 16 милијарди од цигарите. Тогаш ќе создадеме нови претпоставки и ќе имаме, можеби, можности и да исситураме некој сектор на стопанството. Затоа, да ја скратиме оваа постапка, Парламентот нека даде прифаќање на буџетот во рамките на определбата од 38% јавниот сектор да биде задоволен, а ние си преземеме како Влада обврска, темелно да ги преиспитаме сите овие понудени амандмани и врз основа на она што претходно ви го зборував, промените кои што ќе настанат кај нас во монетарната сфера која што ќе

даде друга слика на целовниот однос на стоките кај нас, и на други односи на задоволување на секторите на производството и на потрошувачката. Тогаш ќе можеме покомотно, со поголема аргументација да настапиме и тоа ќе биде еден знак на поддршка на вашиот напор и на комисиите кои што сугерираа мноштво на амандмани и ќе можеме со една сигурност да ја утврдиме конечната визија на Буџетот до крајот на годината. Во таа смисла, мојата сугестија би била да го поддржиме Буџетот таков каков што се предлага, да обрнеме внимание на системските закони од областа на стопанството и монетарната сфера и тогаш да се создаде една поголема доза на една сталоженост, на една релаксираност на состојбите во кои се наоѓаме. Ма каков буџет да се предложи со инфлација од 60% месечно, тоа не доаѓа предвид. Како однос со 77 милијарди. Се ќе се наруши. Затоа ние ќе се вратиме, да го отсликаме Буџетот при крајот на мај или јуни преку нашиот нов монетарен систем, нашиот нов ценовен паритет што ќе го дадеме, нашиот нов ценовен однос насоките што ќе ги дадеме, нашиот однос и кон плаќањето на трудот. Тоа е сериозен пристап, а тоа вие ќе го гледате во Парламентот. Според тоа таа доверба мора да биде во една почитувана пик- бек однос меѓу Владата и Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Анастасовски, па Ристо Стаменов.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Само два збора ќе кажам. Лично се обраќам до Владата на Македонија. Многу дискусии паднаа. Многу дискусии паднаа, времето си врви, еден ден, друг ден, трет ден. Точно претседателот Андов пресмета дека стварно многу време ние сме во овој Парламент. Што правиме ние знаеме. Правиме буџет со туѓи пари. И право можда има сигурно

претседателот дека сме влезени во една монетарна сфера што не е наша. Сега размислувајќи и сметам, незнам колкав е Буџетот толкав колкав што Владата го предлага. Меѓутоа, бидејќи немаме наша монета, веднаш поставувам едно потпрашање. Си викам вака:ч (мајката) ако не ни дадат пари? Пред неколку време бев во банката. И барав да извадам некој динар. Ми велат не можеме да дадеме повеќе од 10 илјади динари. Ајде сега да си размислиме, да видиме што правиме. Еве пак една анегдота ми текна, како една метафора, вака сега гледајќи таму во ѕидот гулабот во облаците, којзнае каде е, а ние викаме гости ќе правиме чорба. Ајде убаво да размислиме дали имаме пари. Кога ќе ја направиме парата и како ќе ја направиме. Утре може ќе каже Србинот што барате вие од мене. Нема пари, нема плата, нема инвестиции, нема ништо.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас мислам, барем јас очекував претседателот на Владата \ да ги постави работите така како што треба да се постават. Мислам дека тие го поставија проблемот, можеме ли да го измолиме Парламентот да се донесе буџетот таков каков е. Господо пратеници, Буџетот го спрема и го прави Владата, а го усвојува Собранието. Владата треба одлучно да каже колкави се нејзините можности во овие услови, не е битно дали има инфлација или нема, дали се нарушени овие односи. Ако се нарушат односите во приходниот дел ќе се нарушат и во расходниот Тоа се билансира. Или Владата ќе каже, ова се можностите сега и тоа ако се прифати ќе биде буџет. Тогаш нашите можности се скратени овде, во моментот овде да се прави буџет. Зашто од амандманите што ги имаме, ние практично сакаме во оваа сала да правиме буџет. Во оваа сала не се прави буџет. Јас сум правел буџети многу и имам искуство. Буџет се прави во Владата. Таму ќе

се измери се. Меѓутоа, ако заклучиме и затоа вчера ние седницата не ја завршивме мислам на првата точка. Ние дискутиравме и на крај кажавме Владата да размисли и денеска да каже дали ќе се одложи Буџетот или ќе одиме во дискусија, да го правиме буџетот овде. И се одлучила Владата овде да го правиме Буџетот и затоа дојдовме до овие сукоби што ги имаме сега. Изгласавме амандман и сега велиме ајде да се враќаме назад. Затоа јас и на почетокот кажав или ќе изградиме принципи а принципот е следниот. Ако Владата тврди дека не може да оди повеќе од 75, тоа значи дека нема кој од нас да и сугерира на Владата какви приходи ќе има или ќе нема на извори. Тоа Владата го оценила. Тоа што го оценила тоа е нејзина работа. Ние сега можеме да разговараме за таа другата рамка која исто така е 75 милијарди, неа да ја намалуваме али внатре, и пак да остане 75 милијарди. Ако мислиме дека во Министерството за внатрешни работи има повеќе 20%, да се одземе и веднаш да се каже ќе се дели таму и таму. Потоа да се види друг дел, тред дел итн. Меѓутоа буџетот не се прави овде. Тоа требаше за она време, паузата што ја даде претседателот на Собранието да седнат комисиите, од една страна заинтересираните и од друга страна Владата, да се спогодат и овде ние да дискутираме за промени во најголема мера до една милијарда. Се што ќе е над една милијарда, мислам дека веќе ќе се пореметат односите. И затоа сметам или овие принципи да ги прифатиме така или Буџетот да се одложи, да седи Министерството со заинтересираните и да донесе еден усогласен став. Ако не, да го прифатиме онаков каков што е и да си одиме. Друго решение не гледам, затоа што ќе дојдат други амандмани и кога ќе навлеземе во 20-те амандмани и 30 и ќе дојдеме во ќорсокак и пак ќе се враќаме да се надгласуваме прегласуваме, а од тоа резултати нема. Јас предлагам по можност денеска да се одложи Буџетот и по можност да се закаже седница во наредната недела..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само малку да се разбереме. Не случајно вчера по расправата во начело побаравме од Владата да процени што може и како може и дали може малку да се одложи за да се разјаснат овие бројни спорни работи. Ние имаме еден предлог да се зголеми приходниот дел и расходниот дел за некаде околу две ипол .милијарди. Имаме и друг проблем. Имаме и амандман од двајца пратеници за една позиција \ што е многу значајна ревитализација на селото. Тоа е да се зголеми за 4 милијарди. Од 210 на 4 милијарди и двеста. Не се кажува од каде да се земе. За да се земат од некаде 4 милијарди потребна е тешка расправа или треба да се зголеми приходот. Вкупно е некаде околу 10 милијарди, повеќе се бара. А комисијата за стопанство вели дека е многу 38% од општествениот производ. Ние можеме да се делиме на пратенички групи или на комисии, на земјоделци, на индустријалци и сл. меѓутоа, ова е премногу сериозна работа. Сакам да ви кажам дека на начинот како сакаме овде да прекршиме работа, тоа така не оди. Сепак ова е прв буџет и може има оправдание зошто толку крупни се разликите. Јас реков дека верувам се крупни разликите заради погледите во однос на макроекономската политика, тие разлики што постојат меѓутоа, Владата како своја ја дефинира, сега ја враќаме овде да расправаме и мислев дека е можно со едно премачување и една консултација во Владата, потоа меѓу комисиите, затоа дадов пауза, мислев дека ќе можеме да го донесеме Буџетот, а разликите да ги оставиме за ребалансот. И претседателот на Владата рече дека ќе правиме ребалансот. Тоа е сосема во ред. Меѓутоа, ако не можеме тоа да го направиме јас ве молам за една недела пауза од ова... не,не ве молам... но гледате дека не може да се донесе (реакции од место), ве молам, повелете претседателот на Владата има збор.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Владата денеска имаше седница. Едногласно го предлага овој Буџет. Од него не отстапува. Со она што претходно го реков, ги прифаќаме сите ваши сугестии, ќе ги преиспитаме и во новата светлост на новиот стопански систем и новата монетарна политика ќе ги предложиме ако стигнеме до крајот на мај односно во јуни, ревидиран буџет. Тоа е ставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, Владата тоа го реши и го напиша.

Јас поставувам прашање што ќе направи Владата, ако ние донесеме, овде беше прв амандман, па ги зголемивме приходите. Еве сега и расходите со поединечно гласање. Кој е ставот на Владата ако ние вака продолжиме овде. Тоа треба да го знаеме.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

(зборува од место)

Да се заклучи и да се гласа како што дискутираат последните .три дискутанти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да знаеме дали тие три прашања можеме да ги разјасниме за 5, б или 7 дена, или...

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Не можеме да го направиме тоа. Јас предлагам Парламентот да смогне сили да ги замрзне амандманите, да не се дискутира за нив, да се гласа Буџетот, а со нужно внимание ќе ги преиспитаме амандманите во новата светлост за која јас зборував. Единствено така можеме да излеземе од оваа ситуација. И една недела да ни дадете растојание пак ние ќе се вратиме на тие соодноси. Не можеме да измислиме нешто друго. Затоа е нелогично, туку да ги уважиме сите овие сугестии што се дадени во амандманите и во една нова светлина што не очекува во средината на

годината да дадеме ребаланс со нужно образложение за секој . амандман. Се разбира со новонастанатата состојба во . економијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да ја утврдиме состојбата. Ние овде расправаме1 по текстот на буџетот. Немаме сугестии, туку имаме амандмани. Предлогот на претседателот е да се повлечат амандманите и да се даде^ і карактер на сугестии кои со внимание ќе ги погледне Владата. Нешто од таа идеа беше содржано во моето давање на пауза и барање министерот да се сретне со претседателите на комисиите кои што имаат најмногу амандмани и кои што најмногу го деформираат овој буџет кој го дава Владата. Ние чекавме, половина саат беше паузата, два саата имаа на располагање, за да ни соопштат дека никој не отстапил од своите погледи и ставови. Господине министре така беше тоа, тоа вие ми го . рековте ама ми го рекоа и претседателите на комисиите. Според тоа ве^. молам, знаете во што .е работата и за амандманите кога се гласа ч се отстапува од вашата основна идеа. Амандмани се ова. Секој амандман носи некоја целина. Ако вие вака цврсто стоите значи ли тоа, јас сега морам,да се разбереме, каде ја водиме политичката ситуација во Републиката? Значи ли тоа дека вие се врзани за предлогот на буџетот и што тоа значи? Доверба? Што тоа значи?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** (од место)

Тоа значи да гласате за последните три дискусии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, јас господине претседателе на никого не можам да му кажам како да гласам. На никого. Одам уште по тоа дека во овој Парламент секој гласа по своја совест, а сакам политичките разлики и несогласувања претходно да се отстранат. Само тоа можам. На ништо друго ....

Има збор пратеникот Арнаудов.

**АРНАУДОВ:**

Почитувани пратеници, јас прво сакам вас почитувани да ве потсетам, кога ние овде го разгледувавме Нацртот на буџетот ние се согласивме основа да биде 38% од националниот производ

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:** (продолжение)

И кога така се согласивме сега ве молам да се однесува те во тие рамки. Ако Владата оценила дека овие 75 милијарди динари се 38% од вредноста на националниот производ и ние во тие рамки треба да се однесуваме и да го донесеме ' буџетот. Во вакви услови кои и претходните дискутанти, а и на расправата по комисии истакнаа дека во отсуство на сопствен монетарен систем и во ваква инфлација која е во најголем дел увезена, затоа што сега печатењето на пари за нас е увезена инфлација од Белград, а исто така и гладта за стока што постои во нашава Република и сите цени што се формирани не се формирани со економски параметри, туку се формирани на административен начин, побарувачката е голема, понудата е помала, пари печатени. Вие господа пратеници сите знаете дека тие не се пари, тие се обичен сурогат на пари и во такви услови мислам овој буџет е реален. Инаку сите знаете дека каков општествен производ ќе имаме, таков и буџет ќе имаме. Ако општествениот производ она што го бараше господинот Иванов овде да расте со поголема стапка; така ќе расте и вредноста на буџетот и ние ќе имаме се повеќе и повеќе средства. За некои дискусии дека сега буџетот треба да ни биде пазарен во овие услови, јас мислам дека нема смисла да і се разговара. Еден сегмент од економската политика да биде пазарен и тоа да се почнува од буџетот, а сеуште имаме интервенции од државни резерви за основни артикли. Мислам дека треба да имаме малку слух, да го донесеме овој прв буџет на суверена самостојна Македонија, а потоа со ребалансот да ги утврдиме сите разлики кои што ќе произлегуваат понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова нас не упатува пак на комисиска расправа амандманите да се повлечат и да се прифатат само амандманите на Комисијата за буџет и

финансирање. Меѓутоа, дали има таква согласност, јас не знам, ниту пак некој претседател на Комисијата тоа може да го прифати како став. Затоа мора пак да се обави консултација и таа консултација ако не дадеа резултат после сите сегашни убедувања верувајте јас тогаш предлагам за една недела да се одложи целата работа, да седнеме и подлабоко да ги видиме билансите, да бидеме кои се нашите можности, па ако треба да ја обавиме во краток рок и расправата по макроекономската политика, да видиме од што се раководела Владата во сите тие сектори, затоа што овде има некои подлабоки сомневања. Не може покрај сите убедувања да не ни биде јасно, или сме се убедиле дека тоа треба да биде 38% и да одиме по тој терк, или не сме се убедиле, а овде се гледа дека не постои тоа убедување. Затоа велам пак да дадеме пауза бидејќи ова е крупно прашање. Пак нека се седне и да се направи уште еден обид, да видиме каква позиција треба да изградат спрема сопствените амандмани. Но, има и поединци кои дадоа амандмани. Овде се бараат крупни пари, се замислуваат крупни потфати во првата година на Македонската самостојност и треба да видите дали го имаме тоа. Нека се види уште еднаш. Комисиите нека седнат и нека ги погледаат . сите овие работи.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека на 31 март ние усвоивме една одлука под наслов за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1992 година, па рековме наместо до 31 март, до 30ти јуни. Оваа Одлука ние ја усвоивме за да продолжи функционирањето на Републиката, а образложението на Владата беше дека постои можност дека поради големиот број на

амандмани не ќе може да се донесе буџетот на Републиката. Мислам дека со ова Владата беше многу јасна во својата оценка дека буџет овој Парламент не може да донесе. Оттука секое одлагање и давање паузи за да нешто се усогласува за мене е беспредметно. Доколку претставниците на Владата оценат дека треба да се симне донесувањето на Буџетот бидејќи функциите на Републиката ги обезбедивме со Одлуката што ја усвоивме на-31 март. Мислам дека со тоа ќе се даде доволно простор во овие три месеци имаме времено финансираше да се договориме и навистина да донесеме еден буџет што прилега на Република Македонија. Инаку секој амандман кој што оди во прилог на зголемувањето на износите предвидени во Буџетот за мене е беспредметен доколку не ги кажува едновремено и изворите на средства за^да се обезбеди истото. Може само амандмани во функција на онаа висина која што е зацртана во Предлог на буџетот. Сметам дека треба да се симне и повеќе да не се води расправа по овој буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира господинот Стефковски предлага да се одложи, а не да се симне од дневен ред, бидејќи последиците по симнувањето се други, а ако се одложи е друго. Меѓутоа, сакам да ви обрнам внимание дека ние донесовме одлука по сугестија на Владата и по предлог на Владата ако настане ваков случај како што е сега да имаме времено финансирање, но временото финансирање и одлуката за времено финансирање ги нема во својата структура оние намени кои буџетот ги има. И нема да функци0нира животот во Републиката како што ќе функционира ако донесеме буџет, па толку за армијата, толку за земјоделството бидејќи Одлуката за привремено

финансирање е стара и по стара структура е. Затоа ние мораме буџетот што поскоро да го донесеме, но, не можеме сега да го донесеме, очигледно сега не можеме да го донесеме. И затоа бидејќи јас не сум сигурен дека ќе гласаат пратениците како што ќе им кажеме,туку ќе гласа кој како што сака што е и нормална работа да биде, т.е. кој во што е убеден, а бидејќи не успеавме со претходната консултација да се отстранат тие конкретни спорови кои се, сега останува едно, или да се направи уште еден обид сега, или да се одложи целата работа за една недела. Тогаш, само буџетот и Законот за спроведување на буџетот. Тогаш, за една недела да расправаме и за макроекономската политика, да се расчистат сите овие работи за да можеме да изградиме заеднички став по буџетот.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Јас не знам дали ние сакаме да се вртиме во круг ,и„ ,„.. пак да дојдеме на исто место. Не знам кому му служи сега ова. Јас јасно реков, за една недела пак ќе бидеме на исти позиции. Ние сме предложиле буџет. Претпоставуваше дека ќе има проблеми. Предложивме. и привремена одлука. Вие сте пред искушение, или да си останете на изгласаната одлука, или да смогнете сили со оние сугестии што ги рековме денес да го прифатиме ваков каков што е буџетот без амандманите. Размислете, дали' ќе останеме на Одлуката, или ќе го гласаме вака буџетот. Ако останеме на одлуката, таа е тромесечна, ќе се совпадне со она што јас ви зборував, а тоа е и да останеме на одлуката, пак ние ќе одиме по позициите кои сме ги предложиле во , буџетот, не можеме да измислуваме нови позиции. Живото мора да тече. Живото мора да тече во сите сегменти, мора некој да финансира таму. Бидејќи привремената одлука што е, да се изработи нов

буџет, но, до изработувањето на нов буџет животот мора да тече. Тој мора да тече по кои било основи. Стари основи не постојат, овие бројки се. Според тоа, јас ве молам предлогот кој го дадов врз база на дискусиите на Георгиев и на Младенов да' биде предмет на прифаќање со целата онаа нужна апаратура која што беше во комисиите разгледувана по позиции и кои се формираа како амандмани тоа да биде предмет на повторна оценка која ќе ја дадеме во месец јуни. Ви реков зошто? Владата има оправдување за тоа, поточно ќе настанат крупни промени кај нас. Не можат да настанат крупни промени за 7 дена. и пак ќе се .вратиме после 7 дена повторно да дискутираме за истите проблеми и да се измачуваме. Значи, тоа се проблемите пред кои сме изложени. Јас не би сакал сега да вид адам, пошироко образложување за се ова што го зборувам. Јас едноставно ви кажав дека појдовните премиси со кои влеговме во новиот буџет се втемелени во макроекономската програма. Таа е работена врз; постојната состојба, постојните констатации во кои се наоѓа Македонија. Според тоа/ ако ние отвориме нови дискусии, а не ги ситуираме основите кои ќе ги изградуваме и донесуваме системските економски закони и монетарната. сфера што не очекува,тогаш бадијала ќе се вртиме во круг за една недела со исти проблеми кои ќе ни се наметнат. Ако не може да се смогнат сили да се донесе буџетот, а што јас предлагам тој да се донесе со сите свои дефекности, тогаш ние ќе одиме со привремената одлука. Но, тоа е подефектно отколку да го прифатиме денес буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се договориме на овој начин. Сега ќе дадам пауза. Но, задача на паузата е да се обидете да се договорите со комисиите ако може овде да се повлечат сите други амандмани, освен амандманите што веќе ги усвоила

Комисијата, а евентуално некои од нив Владата не ги прифатила, Комисијата за финансирање и буџет. Ако тој договор не може да се усвои, тогаш ќе се договориме овде. Еден амандман е усвоен, а неговото спроведување е одбиено.-

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ние го прифаќаме предлогот комисиите уште еднаш да ги разгледаат спорните амандмани..Меѓутоа, верувајте ние се обидовме по паузата која траеше 2 часа да :најдеме решение . Ако Собранието нема став, А Владата на денешната седница тоа го потврди дека не може да прифати буџет поголем од рамка од 38% од општествениот производ во овој момент во кој не е . санкциониран јавниот долг ид ругите прашања, тогаш ако одиме ние на комисии, јас немам мандат да разговарам за буџет повисок од 38% од општествениот производ. Цифрите што се во буџетот и цифрите што се дадени во амандманите во разликата од скоро 11 милијарди со никакво поместување внатре во буџетот не можеме да ги усогласиме, тоа сите претседатели на комисиите со кои јас разговарав за време на паузата го увидоа и го осознаа. Затоа велам можеме да разговараме и да направиме уште еден обид, уште два, уште колку треба меѓутоа би морале да имаме рамка дали имаме простор во кој треба да се бараме. Овде немаме рамка во кој треба да се 6аpavc.Ве молам тоа да биде сфатено од пратениците . за да можеме да работиме натаму. Инаку може пратениците после ова и да ги повлечат своите амандмани, јас не знам, меѓутоа не очекувам, на база на она што беше изразено во претходната расправа јас не очекував дека пратениците ќе ги прифатат тие амандмани. Затоа можеби е сепак добро првото прашање е тоа дали рамката ќе ја поместиме, или не. Ако не ја

поместуваме рамката тогаш по амандманите треба да се гласа. Јас прифаќам пауза за расправа на комисиите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ :**

Да се разбереме во основа што е. Имаме и закон за спроведување на овој буџет. Ако не го усвоиме буџетот ќе падне и Законот со негово паѓање значи и буџетот не може да се појави порано од 6 месеци пред овој Парламент. Држава без буџет не бива ништо, од правна гледна точка. Друго министерот кажа дека не може да оди на потрошувачка, односно зафаќање повеќе од 38%. Јас го поддржувам И да биде пониско, меѓутоа, да си проверат во буџетот дали и натаму Владата ќе остане да финансира вон уставни институции, па овде нас да не измачува со некои бројки дали ги одобрува, или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да не расправаме по оваа работа бидејќи \ Владата кажа дека не може да отстапи од ова. Да видиме дали и предлагачите на амандманите не можат да отстапат. Ако не можат, мене не ми останува ништо друго, туку да дадеме едно одлагање од една недела.

**ПЕТАР ГОШЕВ;**

Јас сакам да исправиме еден впечаток овде што се создава, нешто што во парламентите не се случува баш така како што се случува овде. Главната практика во парламентите е Владата да бара поголем буџет, парламентите бараат помал буџет, особено опозицијата. Овде излегува според расправата дека Владата бара помал буџет,пратениците бараат поголем буџет. Тој впечаток прво не е точен, затоа што овде имаше големи

залагања дека 38% е голема рамка, висока . Ние дискутиравме според степенот на развојот. Ве молам дискусиите се мошне противречни, тој впечаток не би сакал така да излезе. Според тоа спротивности има поголеми. Уште еден обид за усогласување нека има, ако не сакаме да доживееме овде еден случаен исход на гласањево, а потоа можеби е порационален предлогот на претседателот на Собранието, со недела дена ниту губиме, ниту добиваме премногу, недела дена како што рече и самиот претседател на Влада ништо не менува, Значи јас би прифатил, би пдодржал уште еден обид на усогласување, но потоа да не се влезе во ризик и да не се оди со впечаток зошто јас на пример, во јавноста не сакам да одам како пратеник кој што сака повисок буџет. Напротив сакам понизок буџет, помал буџет.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Одлагањето за недела дена менува многу. Ако не го усвоиме буџетот денеска не можеме да расправаме за земјоделието, а зедовме обврска дека прашањето на земјоделието ќе го решаваме веднаш. Земјоделците за оваа недела дена можат пак сите да ни дојдат овде пред Собранието. Ве потсетувам на оваа работа. Немојте само да земате ризици, а потоа некој друг треба да ги исправа тие ризици. Пред земјоделците зедовме обврска дека ќе расправаме најитно за нивните проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тоа е и основниот спор. Тука разликата е огромна. Треба да ги гледате сите ризици.

Предлагам пауза од 1, 5 час.,

Ќе продолжиме со работа во 17,00 часот.

(Паузата траеше од 15,45 до-17,40 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Очекувавме позначајни поместувања во ставовите и во врска со сите амандмани да настапат во текот на консултацијата во комисиите што ги имаше министерот.

Затоа го молам министерот да не извести што се последните ставови на Владата во врска со тие консултации и што е постигнато.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ја искористивме паузата да направиме дополнителни консултации со 3 комисии,Комисијата за здравство, Комисијата за труд и Комисијата за земјоделие.

Се обидовме, бидејќи така сфативме дека рамката од 38% односно обемот од 75,9 нема да го менуваме, да најдеме решение во корекција на некоја од позициите што беа спомнувани во расправата по комисиите, дека треба да се намалат. Во тој контекст Владата предложи на позицијата 389-6 од амандманот на Комисијата за здравство која се однесува за обезбедување на средства за задолжителните вакцинации да се прифати амандманот на износ од 400 милиони динари.

На позицијата 232 регреси во земјоделието да се прифати делумно амандманот на Комисијата за земјоделие со 400 милиони динари.

На позицијата 641 за средствата за недоволно развиените подрачја да се прифати амандман на 100 милиони динари.

На позицијата за ревитализација на селата 236 да се прифати делумно амандман уште за 210 милиони динари и

На позицијата 261 кај средствата за пензиите што се исплатуваат по основ на прописи за кои средства обезбедува државата да се прифати амандман делумно на 277 милиони динари.

Овие прифатени зголемувања на позиции на предлогот на буџетот да се обезбедат со намалување на позицијата 78 средства од програмата за опремување на Службата за внатрешни работи 400 милиони, од позицијата 122 курсни разлики во стопанството 500 милини, и од позицијата 125 нови функции на државата 487 милиони динари.

На комисиите за здравство и труд, добив впечаток дека се усогласивме, резерва се изјави на позицијата за пензиите. х На Комисијата за " земјоделие остана отворено, Комисијата не прифати корекција на таа позиција, останува на амандманот од 2 милијарди динари.

Со оглед на тоа што по гласањето на делот на вториот амандман на Комисијата за земјоделие, амандманот не беше прифатен, а беше прифатен првиот амандман околу проширувањето на изворните приходи, незнам дали имам такво право по Деловникот, во име на Владата барам евентуално да се прегласа по првиот амандман, за да се остане во обемот на средствата и на расходите во она што е генерална определба.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, немавме прилика да се сретнеме во меѓувреме со министерот за финансии, па еве го извештајот

на Комисијата за економска политика и развој.

Врз основа на повторениот претрес по предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година, Комисијата го предлага следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија да го донесе Републичкиот буџет за 1992 година во планираниот обем;

2. Комисијата смета дека е потребно, со оглед на присутните состојби, поднесените амандмани на Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година, вклучувајќи го и амандманот на Комисијата за економска политика и развој што се однесува у* на обезбедување на средства во износ од 100 милиони динари,

за помагање во изградбата на инфраструктурата во селските населби во стопански недоволно развиените краишта, да се сметаат како официјални забелешки и Владата на Република Македонија да ги има предвид при изготвувањето на првиот ребаланс на Буџетот за 1992 година, и за истите да изготви соодветно образложение.

3. Поради изнесеното, Комисијата го повлекува предложениот амандман со цел да се придонесе за донесување на Републичкиот буџет за 1992 година.

4. Комисијата укажува на потребата при расправата по макроекономската политика за 1992 година, Владата да достави извештај за текот на нејзиното остварување за првите три месеци од оваа година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство,дами и господа, Комисијата за здравство го повлече само амандманот број 1 кој се однесува на позицијата 388, меѓутоа, амандманот 2 на раздел 388-а што . се однесува на надомест за дијализа и трансплантација во вредност од 1 милијарда и 300 динари не го повлекува и останува на него, останува на него од причини што трошоците за дијализа исклучиво паѓаат на товар на Фондот, а фактички се*работи за 730 болни кои се распределени во 11 дијализни центри и нивните трошоци за еден дијализер за системот за дијализа, за растворите, иглите и тн. со цена од 10 март оваа година изнесува над 8 илјади и петстотини динари. Ако се знае дека овие болни се подвргнуваат на 2-3 пати неделно на дијализа тоа значи за 9 илјади дијализери во текот на овој месец односно изминатиот месец заедно со трошоците што ги спомнав пред малку за другите компоненти чинат 4 95 милиони динари. Тоа значи 12 по 95 тоа значи бројка од 1 милијарда и 300 динари.

Значи, да повторам само за 730 болни кои се наоѓаат на хронична, перманентна дијализа, каде што дијализата е лек и живот се трошат годишно со цени од март месец некаде околу 1 милијарда и 300 динари. Спрема тоа, фондот не е во состојба за толку мал број да дава една десетина од вредноста на фондот што се остварува.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

На комисиие сега и на претходната консултација што беше на првата пауза на ова прашање му е посветено внимание.

Меѓутоа, суштината на проблемот лежи во тоа што оваа намена не е намена што треба да се решава со Буџетот, таа припаѓа на Фондот за здравственото осигурување и во рамките на системот на здравственото осигуруваше треба да се разрешуваат прашањата.

Јас воопшто не навлегувам во тоа дали е потребно или не ниту го спорам тоа. Поаѓам од принципот дека во Буџетот можат да влезат намени за кои нема под системи со кои тие прашања се регулираат, што во случајот не е. Исто беше прашањето и со амандманот на пратеникот Гоце Андоновски околу обезбедувањето на лекарствата каде рековме од исти причини дека не може да биде прифатен, но тоа не значи дека не е грижа на Владата и дека во досегашната и идната политика Владата не ќе обезбедува погодности и можности да се кредитира обезбедувањето на лекови.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Министерот ги изнесе прифатените амандмани само мислам вака не би можеле без едно претходно расчистуваше на тие амандмани Тој изнесе дека 277 милиони се за пензии, не е јасно и мислам дека треба едно кратко објаснување оти таков амандман колку мене ми е познати не сретнав за кој пензии се однесува, како би можеле да имаме едно целосно согледување.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Позицијата 261 во разделот 23 гласи: "Средства за извршуваше на обврските на Републиката за посебни додатоци кон пензиите како и обврските по основ на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон". Во недостигот на средствата што по тој основ на кои обврски има државата утврден со закон од 1991 година пренесени во 1992 година беа

утврдени 688 милиони на кои гласи амандманот. Бидејќи со 411 милиони се вклучени во таа позиција останата е разликата од 277 милиони кои предлагам да биде евентуално прифатено, доколку се усогласиме.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, амандманот се однесува на раздел 23 позиција 261 конто 457. Амандманот базира на заклучокот на Собранието донесен на 34-та седница од 18 март 1992 година. Имено, на таа седница беше разгледана информацијата. за материјално- финансиските проблеми во спроведувањето на пензиско-инвалидското осигурување и се донесе заклучок да се задолжи Владата на РМ на фондот на пензиско инвалидско осигурување да ги измири обврските во износ од 1 милијарди. и 100 милиони динари, а од овој износ предлог буџетот во во раздел 23, позиција., 261 да се внесат 418 милиони динари, а остатокот 688 милиони динари не се внесени. Се оценува дека- со обезбедувањето на овој износ би се овозможило непречено остварување на правата од пензиско- инвалидско осигурување.

Да дадам некои појаснувања. Во 1986 година имало 122 илјади и 800 пензионери, а во наредната 1987 година се веќе 12 илјади пензионери повеќе што во претходните биле 4-5 илјади. Тој пораст на пензионери беше од оние 5 генерации наеднаш кои беа пензионирани. Потоа следи секоја година по 7-8 илјади и последната 1991 година 14 илјади нови пензионирани, од каде се тие? Тие се од технолошкиот вишок, при преструктуирање на претпријатијата и целиот тој вишок е отиден во пензија од една страна, а од друга страна од административните пензии и тоа е

внесено во тој фонд. Меѓутоа, стапката во 1986 година била повисока над 16,5 до 18 незнам точно, меѓутоа, потоа е симната на 16,5 и таа е се до 24 декември 1991 година. Тоа е една: од главните причини, овој прилив на пензионери од една страна, а од друга страна мала ставка. е причина да има постојано недостиг на средства во фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Од таму е направен тој недостиг на средства. И другата варијанта што ја прифати Владата тоа се тие 411 милиони кои се делумно од македонскиот буџет околу 280 милиони динари и од сојузниот околу 170 милиони динари. Таа ставка Владат ја компензира во позиција 261 конто 457, но остатокот не го компензира и предлог е на амандманот овие средства да влезат да се компензираат за да може да се извршува редовна исплата на пензионерите иако фондот им должи една пензија, бидејќи со Законот за личните доходи за . ограничување кое испадна во "Сл. весник" број 2 од 14 јануари , 1992 година со кои се закинувани 8,7% средства од исплатата на име на оние организации кои не примиле личен доход, а тие дополнително пак си ги примиле.

Предлагам Владата да преземе мерки во врска со ова да се престане со праќање на технолошки вишок и административни пензии пред време во пензиониот фонд да се не преоптоварува тоа е број еден.

Број 2, да се стопира ипслатувањето на л.д. во натура во роба, во бонови и во стопанството и вон стопанството. Тоа е една општа практика и во дивиденди кои се делат и на тоа не се плаќа. Ако тоа би се стопирало сигурно повеќе средства би се внесувале не само во пензионерскиот фонд, туку во здравство, просвета, тие работи мора да се стопираат, инаку стално ќе се расправаме за овие работи.

Исто така, и оној дел на пензионерите кој е преземен од Армијата, прашање е од каде, до сега Армијата ги исплатувала, сега и тие сигурно ќе дојдат во овој ,пензионерски фонд. И за тоа прашање мора да се најде решение, па затоа предлагам да се прифати амандманот како би можел фондот нормално да си ги обавува своите обврски спрема пензионерите кои се 180 илјади, а хранат 1/4 од населението во Републиката.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Точно е тоа дека обврска за обезбедување на лекарства и медицински потрошен материјал е на фондот, меѓутоа, со оглед на тоа што системот на здравствена заштита не може да се обезбеди доволно лекарства за потребите на граѓаните на РМ, пред се предизвикани од други системски решенија што се во надлежност на државата сметам дека дел од средствата треба да се добијат преку буџетот и затоа сметам дека овој амандман треба да го разгледа овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали господинот Миленковски останува на своето барање за поединечно гласање на неговиот амандман од неговата комисија?

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас мислам дека министерот предложи по тој амандман што го изгласавме повторно да гласаме. Мислам тој е донесен и изгласан, туку треба да гласаме со оглед на тоа што јас реагирав на вториот амандман да гласаме со прозивка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе гласаме, ако воопшто гласаме за вториот амандман може да се гласа поединечно, но ако повторно не добие мнозинство кое му е потребно, тогаш мораме да гласаме за првиот амандман т.е. да го поништиме него заради тоа што инаку тоа не е буџет, не може да има буџетска нерамнотежа веќе во стартот. Тоа значи на предлогот на министерот се враќаме од како ова барање на господинот Миленковски го задоволиме, бидејќи јас мислев дека тој по сите објаснувања ќе се откаже. Меѓутоа, тој не се откажува.

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат барањето на господинот Миленковски?

Молам, кој се тие да кренат рака? .

Пред да гласаме, ајде пред да гласаме.

**ЉУПЧО ПОПОВЕКИ:**

Се извинувам, но имам еден конкретен предлог. Еве за што станува збор. Мислам дека пред да одиме на ова евентуално поединечно гласање со првиот амандман, всушност' се работи за вториот амандман, молам од претставникот на Владата или од комисиите да биде јасно колку средства чинат овие сите спорни амандмани за кои што ние денес еве неколку часа расправаме.: Дали е тоа 2 милијарди, б милијарди, 8 милијарди, да биде јасно. Пред да се оди на гласање во врска со тоа, треба да имаме јасна позиција колку се тие средства а ко одат над рамките од предвидениот буџет,.Ве молам, уште еднаш да се слушне за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има за тоа, меѓутоа уште еднаш да се каже ќе го за, молиме министерот уште еднаш да каже.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Прегледот на сите иницијативи во амандманите за зголемување на расходите изнесува околу 10 милијарди.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

После усогласувањето?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

После усогласувањето?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таму тоа не е усогласено:

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ако се смета дека ги усогласивме двата амандмани на Комисијата за здравство на 400 милиони и 300 милиони други што би ги сметале тоа значи 700 за остатокот не е постигната согласност

**СТОЈАН АНДОВ:**

Колку е остатокот?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Остатокот е 9 милијарди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Остатокот е 9 милијарди и повеќе. Значи, имаме уште расправа пред да дојдеме на предлогот на господинот Миленкоски.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Рамката беше предложена 38% од општествениот производ, а тоа се заедно со фондот пензиско, инвалидско осигурување, здравство и вработување, а инаку само буџетот е 23% вкупно.

Би сакал само да ве потсетам господа пратеници, минатата и пред минатата година оптоварувањето на населението и стопанството во општествениот производ изнесуваше околу 34%. За 4 процентни поени оптоварувањето во оваа година' е повеќе во ,стопанството и населението низ даночниот систем. Ние не би можеле да прифатиме, еве во името на нашата пратеничка група, мислам можам да кажам оптоварување поголемо на стопанството и населението И ова 38% е многу. Ние немаме против барања одредени и би сакале што повеќе средства за земјоделството да има од ова што се предложени овде и за други намени што се бараат од амандманите. Но, тоа може единствено да се прави врз основа на прераспределба на други позиции во буџетот а таа прераспределба не можеме да ја направиме веројатно вака, таа може да ја предложи повторно Владата и повторно усогласување на комисиите. Зголемување да прифатиме ние дополнително со кој ќе го оптоваруваме и натаму стопанството и натаму ќе го оптоваруваме населението, како пратеничка група не сме спремни да го прифатиме. Тоа го кажуваме јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, чувме едно укажување.

Дали уште некој друг бара збор?

Ако никој не бара збор, комплетно Претресот го заклучуваме и минуваме на гласање.

Кој е за зголемуваше на расходите т.е. амандманот 2 од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Кој е за тој амандман што ги зголемува расходите за околу 2 милијарди.

Поединечно по список да се викаат пратениците'

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ**: (прилог список):

# СПИСОК

## на пратениците во Собранието на СР Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - |
| 3. ХАМИД АЛИУ | против, |
| 4. ЕШРЕФ АЛИЗИ | против |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | - |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | - |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. ВРАНКО АРСОВСКИ | - |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | воздржан |
| 15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | воздржан |
| 16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ | воздржан |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 18. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 19. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - |
| 22. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. РАТКА ДИМИТРОВА | - |
| 27. ПЕТАР ГОРЃИЕВ | против |
| 28. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 29. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - |
| 30. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |
| 32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 33. НАСЕР ЗИБЕРИ | воздржан |
| 34. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - |
| 37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - |
| 38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - |
| 39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ИВАН ИВАНОВ | - |
| 41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | - |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 43. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 44. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | против |
| 45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - |
| 46. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 47. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 49. ГОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 52. НИКОЛА КРСТЕСКИ | - |
| 53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | против |
| 54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 58. ЕФТИМ МАНЕВ | - |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - |
| 61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | за |
| 62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 66. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |
| 67. НАИФ МУСТАФА | - |
| 68. СИМОН НАУМОВСКИ | - |
| 69. ПАНЧЕ НАСЕВ | - |
| 70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - |

| | |
|---|---|
| 71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - |
| 77. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | - |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - |
| 81. КИРО ПОПОВСКИ | - |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | воздржан |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | воздржан |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | - |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 92. НАЌЕ СТОЈАКОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржан |
| 94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - |
| 96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | воздржан |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | - |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 112. СЕФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | воздржан |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | - |
| 115. БРАНКО ЦРВЕККОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | - |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | - |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | - |

**СТОЈАН АНДОВ:**

За гласаа 2 3 пратеници.

Против 34 пратеници.

Воздржани 19 пратеници.

Според тоа, овој амандман не е усвоен. Сега мора да се активира ставот на Владата дека Владата не предлага неурамнотежен буџет и расходната страна сега не е прифатена за она што се предлагаше . Се додека сме на буџетот, затоа и менуваме овде ги менуваат дури и поднесените амандмани, ги преполовуваат. Така, е се по деловникот штом сме на буџетот. Таа е точката која ја разгледуваме. Немаме ништо друго. Ставот на Владата е дека не може да се одржи буџетот кој не е урамнотежен. Затоа, предлага приходната страна, министерот предложи што е зголемена амандманот да се даде на повторно изјаснување со предлог тој да не биде усвоен. Тоа е 2 милијарди да се зголемат приходите. Тоа е првиот амандман.

Молам, дали во врска со овој предлог на Владата некој бара збор? (никој).

Тогаш предлогот го ставам на гласање.

Молам, кој е за предлогот на Владата овој амандман да не се прифати, да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Молам, кој е против да крене рака' ( 11)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5)

Според тоа, амандманот 1 од Комисијата за земјоделство шумарство и водостопанство не е усвоен.

Молам, сега колку можеме внимателно да се држиме до договорот што е постигнат таму каде што е постигнат.

Значи, таму каде што е постигнат во секоја точка амандман кој ќе дојде да се каже дека е постигнат нов договор и тој да го уважиме, се

разбира ако можеме да го уважиме. Се разбира, само Собранието одлучува, никој друг.,По другите ќе се произнесување.

Отворам претрес по амандманот на член 2, реден број 3 конто 730 поднесен од комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тоа е 3-тиот амандман.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во пакет да ги донесуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред се согласуваме во пакет да ги носиме.

Отворам претрес по амандманот на член 3м раздел 4 позиција 35, конто 416, поднесен од пратеникот Ристо Станковски

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Овие амандмани и овој амандман 3 у 4 беа со тенденција повторно да не создаваат привилегиран дел од друштвото, кој што ќе добиваат друштвени станови. Бидејќи никаде во претпријатијата несе добиваат, повеќе не се издвојува за општествена градба односно становите се продаваат целта беше да не се издвојува ни во органите на управата. Меѓутоа, бидејќи расположението во Парламентот е такво да не прифаќаат никакви амандмани тогаш ги повлекува сите амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 20 поднесен од пратеникот Јован Николовски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Содржината на овој амандман ја решивме вчера расправајќи по Предлогот на законот со заклучокот да се обезбедат тие 200 милиони динари. Амандманот би бил беспредметен освен ако пратеникот повторно сака да се изјаснува Собранието, инаку содржината на амандманот е прифатена и од страна на Собранието и од страна на Владата.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 20 позиција 201 конто .... и овој амандман од господинот Станковски е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 20 позиција 201 конто 418 за додавање нова позиција 201-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Овој амандман е санкциониран со еден друг прифатен амандман на пратеникот Гоце Андоновски и Александар Гештаковски, каде што е прифатен амандманот на позицијата 20-201 за зголемување на средствата за заштита на езерата. Од 17.600 на 40.600, така што мислам дека е беспредметен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(1 пратеник)

Според тоа нема потреба и констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 22 позиција'232 конто 433 поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Овој амандман оди во пакет.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 22 позиција 236 поднесен од пратениците Митко Анастасовски и Горан Зафировски.

Молам, кој бара збор?

МИТКО **АНАСТАСОВСКИ**:

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 23 позиција 261 конто 457 поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Ве молам господине министре кажете дали овој амандман е во спогодбата?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Позицијата 261 делимично ја прифаќаме со 277 милиони динари, а за тоа овде зборуваше и пратеникот Стојановски. Бидејќи тој остана на својот амандман мислам дека Собранието треба да> се изјасни. '

**СТОЈАН АНДОВ:**

Колку е разликата?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Разликата е 411 милиони динари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Комисијата за здравство и социјална политика го — / повлекува амандманот?

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Остануваме на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е усвоен. Меѓутоа, оваа ставка се менува, не останува како што е во предлогот, туку со оваа измена што министерот ја соопштил.

(не, не)

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Амандманот гласи 688 милиони динари. На Комисијата отворено, јасно кажавме ако се прифати усогласувањето тогаш амандманот не треба да оди на гласање. Ако оди на гласање амандманот се прифати или не се прифати, така како што гласи. Според тоа дополнителниот наш предлог не оди натаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, луѓето гласаа така з^ради тоа што мислат дека се постигнала согласност. Тоа вие што го изнесовте останува Ваш предлог, само така , инаку не.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Јас не спорам ако Собранието така оцени и така нека биде. Тоа е усогласено со Владата, меѓутоа тоа што го соопштив ; јас беше соопштено и на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може по амандманот, тоа е завршено веќе. Гласавме, го видовме резултатот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 24 г . позиција 271 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот се однесува за буџетот кој и така е димензиониран со таа разлика што не предвидува нови средства, туку бараат некои други позиции да се преземат. средства за надополнување на ова. Се однесува за зголемување на личните доходи во основното образование, насоченото образование и физичката култура. Бидејќи заклучок и став на Комисијата е

да не се усвои амандманот го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 26 позиција 310 конто 415 поднесен од пратеникот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Не го повлеков овој амандман, туку претходните 3 и 4 што беа за становите.

Овој амандман не го повлекувам. Како прво треба да се знае дека со овој амандман се растеретува буџетот, односно се намалува расходниот дел, па според тоа мислам дека е во општите насоки што се заговараат да се намали буџетот. За што всушност се работи?

Со оваа ставка е предвидено учество за набавка на опрема за информационен систем на Републиката. Само за ваше сознание, се работи за бројка од 600 милиони динари. Толку голема бројка имаме само за народна одбрана и внатрешни работи, гледано како ставка. Кои се моите забелешки на оваа сума?

Прво, за толкава сума мислам дека треба да се достави програма во ова Собрание во која ќе се каже што и зошто ќе се наменат овие пари. Исто така во таа програма би морало да се каже каква опрема ќе се купи и каков ефект Републиката ќе има од таа опрема и за колку време? Бидејќи ова ми е и струка, сигурно дека сум можеби најголем поборник за воведуваше на

информациони системи било каде во Републиката, а сигурно најмногу во органите на управата. Меѓутоа, оваа Република ако ги разгледате претходните буџети има издвоено преку 2,5 милиони долари за набавка на опрема на информациони системи последните 3-4 години. Јас си поставувам прашање каков е ефектот од издвоените пари. јас лично досега ништо не сум осетил дека имаме некаков информационен систем, барем како пратеник кој се чувствувам како дел од ова Собрание до денеска не сум осетил дека имаме некаква корист 'од тој информационен систем. Ако ги прашаме граѓаните, а тоа се сигурно нивни пари што ги издвојуваме. овде , верувам дека ќе се согласат дека ни тие немаат скоро ништо осетено од набавката на оваа опрема. И понатаму се чека доста време и за најситна потврда, услугите се исто така катастрофални од било која област во органите на управата, па според тоа мислам дека ефекти засега нема. Втора работа што се однесува до набавката и искористувањето на претходниот систем ч требаше да се каже дали евентуално ќе се ослободат вишок на работни места да се јават. Сакавме рационализација во органите на управата и ова е најдобар начин за рационализација. Компјутеризација во органи на управа значи и најлесен начин на рационализација. Меѓутоа, до денес не сум слушнал никаква информација дека има извршено врз база на тоа некаква рационализација во органите на управа.

Се работи за огромна стапка. Не сум против ова, меѓутоа, се додека не се достави програма во која што децидно ќе се каже, што, како ќе се набавува, со каква динамика ќе се активира и каква корист ќе имаат граѓаните од оваа работа да не се става во буџетот, а доколку се достави таа програма, би можело со ребалансот на буџетот да се усвои таа програма и да се набави додатна опрема.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

реализира Републиката врз основа на програми кои ги донела Републиката, значи Собранието. За оваа позиција има утврдена програма, повеќегодишна и се реализира во рамките на таа програма. не можам да тврдам со сигурност, меѓутоа извештајот за реализација на таа програма, неодамна е гледан, дали одеше и на Собранието не можам да тврдам, но мислам дека одеше и на Собранието, па според тоа нормативниот дел од прашањето и -забелешката на пратеникот се присутни, задоволени и основа има.

Прашањето на опортунитетот дали натаму и колку е прашање кое е содржано во програмата за реализација на долгорочната програма во оваа година која на предлог на Министерството за наука ја утврди Владата. Јас веројатно ќе бидам понеуспешен. • бранител на оваа програма, бидејќи не ми е тоа потесна специјалност отколку што пратеникот Станковски, меѓутоа, со работите кои се предмет на ангажираше на оваа активност на Министерството за наука, за да обезбедиме информатичка основа во комуникациите внатре во Републиката и со светот без унапредување на техничката и научната база, бешко ќе можеме и другите сегменти да ги следиме. Оттаму сметам дека во име на Владата остануваме на делот на програмата за натамошно информатичко опремување на органите на управата и на општествените дејности и не го прифаќаме амандманот.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Едно прашање. На стр.38 , која програма е по реден број кажете ми?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Пратеникот има право, во списокот на овие програми го нема продолжението, меѓутоа, програма има Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи пропуст е. Има а не е отчукана тука.

Молам, дали уште некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (22 пратеника)

Молам, дали има некој против? (пратениците креваат рака)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 29 позиција 388 конто 456 поднесен од Комисијата за здравство.

(го повлекуваат амандманот) .

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 29 позиција 388 за додавање нова позиција 388-а поднесен од комисијата за здравство.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Во претходната дискусија изнесов дека Комисијата за здравство го поддржува овој амандман и треба да биде презентиран пред Собранието. Како ќе одлучи Собранието тоа оставаме на него. Меѓутоа, покрај податоците што ги изнесов дека една десетина од средствата што се

даваат за болните што се на хроничен дијализер имено средствата што се трошат за дијализери, со системи, за иглите и хемикалиите месечно изнесуваат 95 милиони динари. Според тоа годишно некаде според цената од месец март оваа година бич изнесувало околу 1 милијарда и 300 динари. Меѓутоа, ако за овие 750 болни што се наоѓаат на хронична или перманентна дијализа ги додадеме и другите трошоци во одржувањето на нивниот живот тие би изнесувале некаде 1 четвртина од трошоците што се трошат во Фондот при Министерството за здравство. Според тоа мислам дека една десетина од трошоците што се трошат во овој фонд за овие болни е сосема скромна сума која што треба овој форум, односно ова Собрание да го усвои, со тоа што ќе го придонесеме недостигот или хроничниот недостиг на средства што се јавуваат во Фондот за здравствено осигуруваше биде делумно надминат.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Мое мислење е дека на овој проблем треба да му дадеме посериозен приод. Слушнавте дека во нашата Република има околу 700 болни кои се лекуваат на хроничен програм на хемодијализа и како своја последна можност очекуваат трансплантација на бубрези било да се работи за катадеричен бубрег или пак за бубрег подарен од мајка, татко, брат или сестра. Верувајте дека тоа е придобивка на современата медицина и јас мислам дека не смееме да се однесуваме кон проблемот на хемодијализа. Не не терајте да еднаш ние како здравствени работници ја примениме еутаназијата што во нашето општество не е познато. Верувајте дека ние минатата недела во Куманово се соочивме со проблем да беше во прашање дали следната недела ќе имаме средства за да се обави програмот на хемодијализа, а ние таму имаме 37 болни.

Ако веќе направивме тим за трансплантација на бубрези што ја обавува медицинскиот факултет во Скопје на чие чело се наоѓаат исклучиво млади стручњаци на чело со Живко Попов како уролог и нашиот министер како имунолог верувајте дека вакви кадри не се создаваат преку ноќ и не би требало ваква традиција да прекинеме. Според тоа, апелирам на вашата свест, свесен сум дека е битно и Велес да има адекватно водоснабдување и земјоделците да  го добијат својот дел и стандардот на пензионерите, меѓутоа ова е примерна задача. Според тоа треба да поведеме сметка, знам дека ова не е обврска на буџетот, ова е обврска на фондот, меѓутоа ако го следиме овој тренд на работа на нашето здравство кога ги воведовме овие зелени картони а тие придонесоа да ја осознаеме вистината дека околу 50% од стопански организации не ги исполнуваат обврските према фондот и знаеме со какви средства располага фондот

моментално, според тоа ве молам за посериозен пристап.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Го поддржувам амандманот кој што е поднесен од Комисијата за здравство со неколку зборови. Мислам дека после тридневна работа и осипан состав на парламентот често пати кога гласаме за амандман некако некој си зема за право дека гласа за предлагачот. Мислам во овој случај се гласа за здравствената заштита на една категорија критични болни *шја здравствена заштита е живот. Дијализата е витална индикација, зависи од набавка на материјал. Ако тој материјал го нема, нема ни живот. Според тоа не гласаме за здравствените работници туку за пациентите кои што се потрошувачи на материјалот. Ве молам да се има тоа во предвид бидејќи ова е и хуман дел, најхуманиот дел на медицината и скапа медицина за која што сме зеле обврска овие пациенти апсолутно да ги заштитуваме во нефролошката заштита на вкупната здравствена заштита на Републиката.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, го поздравувам предлогот на Комисијата за здравство и истовремено не сум задоволен од министерот за финансии г-динот Тошевски, тој рече дека ова не е во делот на буџетот туку е во делот на фондот. Јас само да напомнам ако во случај вака остане мислам дека нема да се разреши случајот од причини дека фондот многу пати знае да рече дека нема пари. Според тоа, државата би требало да се интересира во однос на хемодијализата.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ќе ми биде многу непријатно ако се стекне впечаток дека Владата и министерот за финансии и незнам уште кој овде ќе се изјасни за или против

тој амандман дека е против решавање на прашањето и против грижата за тие 700 или колку ќе бидат. Ве молам, ние разговаравме околу системот на финансирање на општествените дејности. Правевме, градевме и утврдивме концепт во ова Собрание во ова Собрание рековме заради специфичностите на здравствената дејност наместо да правиме тоа што го направивме со другите општествени дејности образованието, културата, социјалната заштита и техничка, физичка и други видови на култура и ги вклучивме во рамките на буџетот, за здравствената заштита кажавме дека ќе се финансира по посебен финансиски потсистем. За тој потсистем се расправаше пред неколку седници на Собранието на кој се утврдуваше стапката за зафаќањето и утврдување на приходите на системот. Тогаш или било кога во рамките на тој потсистем треба да се разрешува ова прашање. Ние не сме против потребата или утврдувањето на можноста да се разреши, меѓутоа, не може и не треба овде. Тоа е ставот на Владата, а не дека проблемот не стои или не треба да водиме грижа за нив.

Според тоа, прво и во самиот фонд, можеби е непријатно сега ние да сугерираме, во самиот фонд ќе се утврдат приоритети според значењето на одделни прашања и на тој начин ќе се воспостави ред, а ако стапката која е утврдена на 8,6 со последната промена ги задоволи, или не ги задоволува прашањата, потребите ќе отвориме расправа овде и во рамките на таа расправа ќе утврдиме што треба.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Со сиот респект на министерот за финансии кој секако го брани буџетот од аспект на односите, бројките, расходи, приходи меѓутоа овде е конкретно прашањето и јас го молам пред се министерот за здравство да ни одговори: дали за оваа категорија пациенти без разлика на тоа од кој извор

ќе се финансираат се гарантира здравствена заштита на она ниво на кое заради специфичноста на болеста ја има или ја нема. Тоа е основното прашање како би можеле ние да не се ломиме според куманиот однос према луѓето туку според логиката дали државата обезбедила здравствена заштита на овие луѓе. Јас би сакал тој одговор да го добијам.

**ФАИК АБДИ:**

Јас не сум за тоа да се зголемат даноците и придонесите од доход, од личен доход итн. Многу убаво речено, еве да не полемизирам со никого, ние се декларираме дека повеќе од 30 насто од луѓето кога имаше избори и гласања нема да има зафаќање. Денес има 38 отсто и уште нови предлози, меѓутоа, ние сме живи луѓе, се уште живи. Тие што поминале покрај болниците и внатре што влегоа во болниците сигурно виделе или ќе видат еден најголем хаос, најголема беда, сиромаштија, мизерија, нечистотија итн. Мислам дека во овој момент треба да се надминеме себеси, респект имам према Владата и г-динот министер сигурно и тие имаат респект према состојбите, но ете цифрите малку ме стегаат и сум за тоа да одат 1.300 милијарди или колку се 1.300 не можам да читам добро, знам дека тие во однос се негде околу 1,63 индексни поени. Ако од никаде нема мислам дека сите корисници на буџетот за тој износ за таа стапка за 1,63 кога би примиле помалку да се обезбедат овие потреби.

**ТРПЧЕВСКИ ДУШАН**

Мислам, или ние не сме јасни во изјаснувањето или поединци не сакаат да ме сфатат. Кажуваме дека се работи за околу 730 болни кои што се наоѓаат на перманентна дијализа. Ги кажавме само материјалните

трошоци што се потребни да се обави оваа дијализа. Кажавме дека 95 милиони динари потребно е месечно спрема цената од месец март о.г. Значи еден мал број на болни кој што навистина оваа дијализа им значи и лек и живот. Кажавме и тоа дека неколку дијализи ако не се направат тоа е можно поради недостиг на средства значи ќе дојде до нагло влошување на животот на болни па дури може и смрт.

Подоцна кога ќе стане збор, за амандманот на д-р Андонов ски во однос на лековите можам и сега да кажам дека покрај трошковите кои што се потребни да се направат за овие болни за средствата за дијализа од една десетина или вкупните трошкови од 1/4.„ за лекарства за кои што се потребни изнесуваат над 50% од средствата што се акумулираат од Фондот. Според тоа за неколку позиции
се трошат на 3/4 од средствата. Според тоа недостигот на средства се јавува секој момент. Мислам дека и ресорното министерство па . и владата за недостигот на средствата на лекови итн. и за други намери им се познати овие работи. Вршени се позајмици од стоковите резерви земани се кредити за исплаќање на лекарства итн., се разбира земаше на пари за кредити се плаќаат големи камати. Мислам дека ние како здравствени работници знаеме се уште друго да кажеме за да можеме дека овој аудиториум а јас верувам дека широкиот аудиториум сигурно не разбира за недостигот на средства во здравството..

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Само едно мало појаснување што се однесува од оваа болест која што може да се подведе под онаа категорија на ендемски заболувања. И можам да кажам дека нашиот крај виничко- кочанскиот е таков. Така да, можеби за понатаму треба да се размислува во која категорија ќе се уврсти

оваа болест и така да се третира. Причините од кои што доаѓа до таа инсуфициенција можеби и не можеме да делуваме на друг начин освен преку водоводи така да треба да се подведе под таа категорија. Јас мислам дека интернистите тоа требаше да го кажат, меѓутоа, дали сме разбирливи или не за поширокиот аудиториум што значи ендемија тоа ми беше што сакав да го објаснам за да биде разбирливо.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас се јавува како лекар за овој проблем. Овие пациенти живееја откако ќе се постави дијагноза дека е уреничар и дека нема друг избор освен да се прави дијализа пред . дијализата живееја само од еден до три месеци најмногу по поставувањето на дијагнозата. Со воспоставување на дијализата овие пациенти го продолжија својот живот, на пет- десет и повеќе години. Со воведување на трансплантација тоа се овозможи овие пациенти да не се малтретираат со дијализа. Тоа е за пациентите едно измачување а измачуваше и за целото семејство, меѓутоа живото им се продолжува и секој сака да живее што повеќе ден, два месец или година итн. Сметам дека овој проблем не е само на здравството туку на целата заедница, на целиот наш народ и според тоа мора да се изнајдат можности на овие луѓе да им се продолжи животот. Секој сака во фамилијата на членот на некој начин животот да му се продолжи а затоа здравството само не е способно, а семејството уште помалку. Се дотогаш не се најде можност да се воведе нова метода за лекување на овие пациенти, една од тие е трансплантацијата а веројатно ќе има и некоја друга метода.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, неспорна е потребата за интервенции во оваа област бидејќи од ден на ден се зголемуваат пациентите кои што имаат потреба од дијализа, но мислам дека на прашањето на еден од пратениците дека не сме се разбрале мислам дека добро сме се разбрале. Денеска ние раcправаме само за 60% од вкупната јавна потрошувачка а останатите 40% делот на здравството, ние веќе го утврдивме. Утврдени се зафаќањата, утврдена е политиката во здравството, сега ги очекуваме резултатите од извршувањето и вкупните средства наменети за здравство се 15 милијарди динари. Тоа е 5% од општествениот производ кој што е квантифициран на овие основи и сметам дека добро беше прашањето министерот за здравство во рамките на вкупното здравство на овој проблем му даде посебен приоритет. Бидејќи вкупната јавна потрошувачка се квантифицира од прашањата сметам дека и оваа потреба во текот на реализацијата ќе биде предмет на расправа и сигурно дека сите досегашни негативни резултати од 4 1 здравството биле покривани на соодветен начин како и досега. Така да ако дојде до негативно работеше пак тоа ќе се покрива на соодветен начин и овде во овој парламент кога ќе зборуваме за ефектите од реализацијата на овие квантификации што денеска ние ги утврдуваме и затоа сметам дека овие средства треба да паднат во рамките на фондот за здравство и таму да добијат посебен приоритет, а потоа ние да разговараме во рамките на реализацијата на одредени корекции што треба да настанат.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Точно е дека е системот квантифициран, меѓутоа, сега укажуваме дека навистина финансиските средства бидејќи ја покриваат оваа област а

која ја конфронтираме со вкупните финансиски средства кои што ја покриваат основната здравствена да укажеме дека 25% од финансискиот капитал наменет заштита оди во оваа област, ја покрива оваа област.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (продолжение)

Морам да кажам дека постои опасност за загрозување на основната здравствена заштита во вака квантифицираниот систем, и го укажуваме како проблем кој што треба на релевантен начин да го издвоиме и исто така да го разрешиме. Дали сега на овој начин или на подруг начин, преку проект, програма,нашата цел беше да укажеме на постоењето на оваа проблематика која што во квантифицираниот систем ја загрозува основната здравствена заштита.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, искрено речено во ваква ситуација лимитиран сум да зборувам, меѓутоа со оглед на фактичката состојба, навистина здравството ни тежи на сите нас, а посебно на оние кои што го чувствуваат лично на нивниот грб, мислам да дадам. еден краток осврт што се се случува во здравството, за да не бидеме во заблуда.

Посебно поттикнат од дискусијата на колегата Перо Георгиев. Видете, до сега здравството се финансираше, 85% средствата ги обезбедуваше од општествениот сектор. Така што и оние 15% на средства што требаше да се обезбедуваат од други основи и тоа за обврзници кои што остваруваат право од здравствена заштита, не беше заинтересирано да ги земат. Се додека материјалната база беше добра, излегуваше дека здравството се наоѓа односно практички е вреќа без дно од кое што може само да се црпе, а не и да се става. Меѓутоа, како се усложнија проблемите во стопанисувањето така се одразија негативно над надградбата во која што

секако спаѓа и здравството. Затоа ние бевме принудни да донесеме еден нов систем на осигурување во кој што ќе ги зафатиме сите оние корисници на здравствени услуги во тој систем за здравствена заштита и на некој начин да го мериме трудот на вработените, зашто често пати се вели дека не вложуваат труд а земаат плата. Така го воведовме овој систем. Меѓутоа, што се случи? Голем број на работни организации, практично наместо да ги плаќаат придонесите зашто основица за зафаќање на придонесите за Здравството беше бруто личниот доход и наместо да ги уплатуваат средствата, ги заобиколуваа или не ги плаќаа навреме или ги плаќаа во стоковни резерви. На тој начин не се собираа средства во здравствената заштита. И дојдовме во ситуација во фондовите сега да имаме некаде околу 1,1 милијарди месечно што е месечен прилив, а само за лекарства, најнужни лекарства за потребни на здравството, повторувам најнужните лекарства потребни се некаде околу 640 милиони. Материјални трошоци 400 милиони, личните доходи половина или помалку од половина, па излегува дека најмалку ни се потребни две милијарди динари за нормално функционирање на здравството. По цена да се откажеме од плати...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Андоновски друга тема е тоа.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Сакам само да го истакнам проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Друг пат ќе го истакнете тоа, а сега на дневен ред го имаме амандманот.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Затоа сметам дека средствата треба да се предвидат затоа што државата не беше во состојба со пореската политика, со правилна политика...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за амандманот ако имате нешто.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Сметам дека треба да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро вие така сметате.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Незнам зошто ви смета едно подолго образложение.

**ДИМИТАР МЛАДЕНОВСКИ:**

Никој нема против дијализата ниту трансплантација на бубрезите, али ние пред еден месец усвоивме закон за здравство. Зошто тогаш не предвидовме дека од Буџетот треба 20, 30 или 50%. Не направивме ниту ревизија на законот за здравство, а сега бараме други извори. ,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за здравство.

**ПЕРКО КОЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници и да се обратам до почитуваните колеги. Мислам дека нема потреба од ревизија на Законот за здравство. Во консултации и со стручна литература и со луѓе од здравството од странство што имавме прилика, тој закон е добро оценет. Меѓутоа, вообичаено е преку буџет да се решаваат оние проблеми во здравството што спаѓаат во превентивната здравствена заштита, како за разните болести, вакцинацијата, функцијата за заводите за здравствена заштита..И многу поразвиени земји имаат посебни фондови, и за нив е скапа дијализата и трансплантацијата, меѓутоа создаваат услови за лекување на овие болни. И постојат посебни фондови во кои што учествува државата каде учествуваат

и многу донаторски куќи и на поинаков начин се формираат тие фондови. И ние, исто така имаме план на следната седница на Собранието, имајќи ги предвид овие заклучоци од првиот ден на оваа седница, а имаме и таква обврска да ја прикажеме состојбата во здравството, материјално и да понудиме некои решенија како влада. Јас го разбирам ова инсистирање на колегите бидејќи во овој период никогаш не е на толку ниска или материјална база здравството паднато. Ние сега дојдовме буквално да има недостаток и на ампула и на инекциската терапија. Сега многу лекувања, не само дијализата во извесна смисла се поставени потпрашања на поадекватно и навремено толкување. Затоа го воведовме овој систем, меѓутоа, не може брзо да се добијат резултатите, од причини што толку години бевме учени за здравството не треба пари државата ќе го реши. Крајно време е, јас мислам дека оваа дискусија, сепак нема да биде без резултати на следното собрание кога ќе ги расправаме овие прашања, би ги замолил и пратениците и сите и колегите посебно ќе се ангажираме да го објасниме ова прашање. Останува најпросто кажано или стапката ќе ја зголемуваме или ќе го зголемуваме учеството на граѓаните. Со оваа материјална база сега што ја имаме, ние не можеме да го оствариме потпросечниот стандард на лекуваше. Енормното зголемување на сите лекарства, колегите постојано се судрени со недостаток на лекови и оттука произлегуваат овие амандмани. Ние ги меревме овие потреби сега што ги имаме, постојано земавме преку фондот кредити, да не ве заморувам на најразлични начини работните организации и другите не учествуваат. Постојано се во консултации со СОК како да ги решаваме овие прашања, но сепак останува еве и денеска имавме поголем разговор со новинарите и сите да помогнат ова сфаќање да го вградиме кај сите нас, така како што издвојуваме за сите секојдневни потреби средства во домашниот буџет ќе мора и за здравство да издвојуваме вакви средства.

Сега фондот се наоѓа во една посебна критичка состојба, некаде над 5 милијарди и двеста милиони динари е во загуба. Ние како министерство за здравство и како фонд ова сме го поставиле пред Владата. Очекуваме во текот на идната недела да најдеме некои решенија за ова прашање и понатаму .системски да го решиме не со вакви моментални интервенции. 500 милиони се само да ги спомнам овде што се бара во овој амандман недоволно за месечната потрошувачка за лекарства и тоа скратена месечна потрошувачка. Сега правиме еден систем на минимум потреби, лекови ^а да се згрижат најтешките болести.,Тоа е некаде околу 594 милиони динари по цените од 30 март. Па стои една неразумна војна во овие цени, едно ужасно. зголемување кое ние не можеме да го предвидиме што се случува сега во овие месеци. Немаме девизи да купуваме од надвор лекарства што се многу поевтини. И оттука се овие реакции и овој број на амандмани, бидејќи ние и како лекари, сега зборувам како лекар сме притиснати од една ситуација во каква никога не сме биле до сега да не можеме онаа реална здравствена заштита и нашето знаење што го имаме да го примениме во лекувањето на болните.

Затоа јас мислам овој дел што е прифатен во превентивната здравствена заштита, веќе чувте тука постои усогласување, да останеме на него, а овој дел да го поставиме реално на идното собрание. Ќе понудиме неколку алтернативи со стапка или учество на граѓани или само учество на граѓани, конкретно или конкретни алтернативи за создавање на фонд за дијализа и трансплантација, како што е во сите земји.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По овој амандман скоро сите се искажаа.

Дали уште некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (33 пратеника).

Гласаа 33 пратеника за, и констатирам дека амандманот не е усвоен

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 29 во позицијата 389 да се додаде нова позиција 389-а поднесен од пратеникот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Бидејќи немаме многу трпение за здравството, јас ќе кажам само два збора. Ние не се откажуваме ниту од системот ниту од фондот. Ние сме задоволни и смилиме дека тој систем ќе профункционира. Меѓутоа, прво треба да профункционира добра даночна политика и сите вие да бидете оданочени на реален доход. Тоа како број 1 и под број 2 да постои добра финансиска контрола. Сите стопански субјекти и вонстопански пред да земаат личен дохбдда ги плати давачките и придонесите за здравството. Мојот амандман се однесува за лекарства, а вие знаете колку е денеска чувствителна таа тема а тоа и како осигурениците го чувствуваат поготово оние зависните и ова се^однесуваше само како дополнителна мерка, зашто тоа го прават и други републики како што е Словенија, која што издвојува средства за лекарства. Затоа е поднесен амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Џулистана Јумеровски.

**ЏУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас навистина жалам што информацијата, што министерот за здравство ја најави не се наоѓа во нашите редови овде за да видиме дека здравството одамна веќе не е пред колапс туку е во колапс. За

ова зборува и состојбата, ако погледнете во секоја една амбуланта каква е состојбата со ампуларната терапија и големата загриженост на сите пациенти што и како со нивното здравје. Бидејќи се работи за сума која што ни за еден месец не ги задоволува потребите за здравството, туку само дава еден финансиски стимул како финансиска инекција која што може за малку од малку да ги подобри финансиските резултати во смисла на подобрување само од лекарства, пред се на ампуларната терапија, јас навистина апелирам до вашата совест и покрај тоа што се. работи за ставка што не е предвидена во Буџетот бидејќи не се работи за некој огромен износ барем за оваа ставка помине со тоа што ќе овозможиме еден дел од лекарствата да се обезбедат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот министер за финансии. Дали овој. Амандман спаѓа во усогласуваните

**ТОШЕВСКИ:**

Спаѓа во усогласуваните и не можевме да го прифатиме. Јас дадов во првиот дел објаснување, затоа што овие намени се намени што ги финансира фондот за здравство. Владата овозможува во делот на лекарствата одредени повремени позајмувања на средства од резервите, обезбедување на кредити за снабдување со лекови и го
испомага фондот во периоди кога тој не е во состојба тоа да го прави. Тоа ќе го правиме и во иднина, меѓутоа не може да прифати Владата во структурата на буџетот намени што не му припаѓаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (39 пратеници).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 29 позиција 389 за додавање на две нови позиции 389-а и 389-б, поднесен од Комисијата за здравство.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Во разговор со министерот за финансии Комисијата за здравство го повлекува амандманот 3 само во разделот 29 позицијата 389-а, а бидејќи и во своето искажување после консултацијата на Комисијата министерот го прифати амандманот на 389-б, мислам дека околу ова нема разидување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас прашав господине министре, дали ова е издоговорено

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Договорено е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш е во составен дел и не треба да расправаме по овој амандман

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на разделите 56, 57 и 58, поднесен од Законодавно- правната комисија.

**СТАМЕНОВ:**

Сакам да прашам во врска со гласањето како доаѓаме до тоа дали амандманот е усвоен или не, со 39 или со 35 гласови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прочитајте го Уставот и ќе видите дека најмалку 40 гласа се потребни некој предлог да биде усвоен. Само 40 пратеници можат да усвојат по некој предлог, и тоа ако се присутни до 79 пратеници. Тоа е мнозинство од присутните.

Молам,кој бара збор?

Прво нека се искаже претседателот на Законодавно- правната комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, рековме дека ќе треба да се финансира од Буџетот она што има поткрепа во самиот устав. Овде за младинскиот совет а вели, ако е младински совет на Македонија, ако некој било кој пратеници од Владата во овој устав прочита таква организација, да го изгласаме тој став.

Општествените организации не се уставна категорија што треба да се финансираат. Тоа е едно. Што се предвидува? Ако вториот. 57 се погледне, иста е работа и за републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците. Господа, имате ваква работа лични доходи на функционерите и средства за општински одбори. Најдете во Уставот каде а предвидено исто така тие да се финансираат. Имаме здруженија на правници, здруженија на лекари, здруженија на ловци и на други, па каде предвидуваме да ги финансираме. И ова е едно такво здружение. Тоа се луѓе кои се здружуваат, имаат статус на борци, имаат своја организација и ако сакаат таа своја организација да ја поддржуваат нека си плаќаат нека се одржуваат тоа е таква организација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Тоа се однесува исто и за Републичката конференција на сојузот на резервни воени старешини. Такви ниту во Законот за одбраната. Го слушам министерот' таму дека говори, еве член 3 6 Јас пак ќе ја прочитам таа одредба. Се вели: Републиката им гарантира посебни социјални права на борците. "Социјални права" а не организација на таа организација да им ја плаќа. Овде имаме навистина две нови институции. Едно е организација, а друго е каде им . се признаваат социјални права. Ќе го прочитам до крај. Се вели: и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвараните за идеите на: самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства. И сега замислете, на членовите на овие семејства им текне да направат своја организација ние по овој став ќе треба и таа организација да ја плаќаме. 4 Тоа.. се тие основи каде се оспорува. Стојам на тоа дека нема ниту законски, ниту уставен основ ова да се плаќа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Еден е приодот кон младинскиот совет и здружението на резервните воени старешини, а друг треба да биде кон боречката организација. Најпрвин Парламентот би требало да донесе политичка одлука дека не го: признава НОБ и дека треба да се пишува нова македонска историја. Борците ние како партија ги почитуваме, а НОБ го третираме како историски континуитет на ВМРО и сметаме дека борците имаат активно морално право и историско на оваа форма. на нивно организирање кое е од времена и ограничени се од биолошки карактер и со оглед на тоа дека поголем дел

од нивното членство се со старост над 70 години. Немаме право да сохрануваме живи луѓе и мора да се спротивставиме на политичката хистерија која зад себе има сомнителна позадина, спротивна на македонската автохтоноција. Најголем дел од борците немаат постигнато материјализирање на својот статус, па не може морално да ги обвинуваме за поединечни случаи кога поединци можеби скренале од идеалите на својата генерација, или пак ја материјализирале својата позиција. Сметам дека не треба да се прифати амандманот.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас мислам дека немаме право така да кажеме за овие три контингенти општествени организации од причина што навистина тие заслужуваат полно внимание и од нашето Собрание. Само да . кажам неколку реченици за Сојузот на резервните воени старешини. Ние често пати велиме ќе формираме армија. Од каде ќе формираме армија? Имаме 50 илјади воени старешини, готов кадар. Затоа сметам дека навистина ние сериозно треба да размислуваме за оваа проблематика. Јас сум обврзан да кажам и тоа дека во овој сојуз се инкорпорирани сите националности, затоа што сум бил активиста преку 8 години знам дека навистина таа организација перфектно работи, работела и најверојатно ќе работи. Тука имаме млад кадар што сметам дека навистина комплет еден дел,:еден контингент на тие луѓе може да се вклучи во нашата армија.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

За воените старешини претходниот дискутант кажа и дека се согласувам со него. За боречката организација таа е вонпартиска

организација, ветеранска. Во сите земји постојат такви организации кои се занимаваат со негување на традициите од антифашистичката борба и се поткрепени од нивните држави материјално да би тие постоеле и работеле. Таква е и нашата, мислам на Република Македонија која претставува ветерани од НОБ и заедно со антифашистичката коалиција водеше борба против фашистичките сили. Денеска има единствена намена да ги негува традициите од НОБ, и го пренесува делото на македонската самобитност, независност и самостојност. Затоа мислам дека овие минимални средства кои ги предвидува Владата да останат и секоја година да се обновуваат во континуитет.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, според дискусијата што ја водиме гледам дека повеќе важност му се дава на минатото отколку на сегашноста. Тоа го потврди во својата дискусија и господинот Манчевски. Јас не сум против борците, но претседателот на ЗПК кажа. Дали може да каже некој што е тоа лични доходи на функционерите. Истовремено ако ние даваме приоритет на оваа категорија на здружение на борци, кој има право да го девалвира трудот. Ако вие погледнете на страна 27 од буџетот и ги сумирате вредностите на окружните јавни обвинителства на Битола, Скопје и Штип ќе забележите дека сите овие јавни обвинителства земаат трошоци, им се распределени во буџетот колку на здружението на борците. Дали ова не е девалривање на трудот? Зарем е можно три окружни јавни обвинителства на Македонија да земаат помалку пари или исто колку едно здружение на борци. Ве молам, треба да се размисли за оваа работа. Ние не сме против овие работи што ги кажа господинот лекар од Титов Велес, но ако се види

оваа ситуација колку судии и окружни јавни обвинители ние имаме во Македонија и како го наградуваме нивниот труд и со каква работа се судруваат, можеби затоа и не преземаат одредени дејствија против одредени организации, затоа што гледаме дека се девалвира нивниот труд. Вкупно трите окружни.:јавни обвинителства се вклучени во буџетот колку здружението на борците.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувани колеги, јас веќе нешто кажав околу овој раздел, само ќе повторам дека без минато нема сегашност, а без сегашност нема иднина. На тоа укажувам заради тоа што навистина да се зборува така нихилистички за борците кои ни ја донесоа слободата, мислам дека е некоректно. Инаку би додал дека сигурно авторите на буџетот почитувале и законска регулатива и програми и критериуми, па затоа дошле до тој предлог. Лично сметам дека треба да се почитува предложеното, а да се гласа против амандманот.

**ФАИК АБДИ:**

Разговараме за уставни категории, или не се уставни категории. Дали треба да бидат вметнати во устав, па ди бидат финансирани, или не треба. Тука е некоја си самостојна, или како се вика таа младина на Македонија, борците итн. Она што велиме без минато нема сегашност, друго прашање е колкави се тие средства, дали тие борци што сега имаат 70 години, 75 години, дали тие примаат лични доходи таму за некоја функција итн. Мислам дека тука се тие дактилографки и некои помошници таму, прослави, јубилеи итн. Најверојатно тие се тие средства. Тоа е едно. Јас така го

подразбирам тоа, а не е и личен доход на некој функционер, претседател:т. на борците. Понатаму, младината. Тие се наши деца. Младината е колку што јас знам деполитизирана во најголем дел, а ние сакаме да ја политизираме, меѓутоа, таа е деполитизриана и има свои сегменти од живото, свој развој,. треба да и го допуштиме тоа, треба да и обезбедиме средства. Многу го респектирам ова што го кажа господинот Голубовски за боречката организација. Мислам дека таа треба да постои и да се негува. Сепак, мислам дека тие средства што се за тие три дејности да останат, не во тој износ, нешто да се намали, меѓутоа да останат, а не да се бришат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да се разбереме едно што е основно. Сите се залагавме ќе правиме правна држава. господинот Голубовски сакаше да не натера да направиме традиционална држава. Традицијата е слава меѓутоа овде од името на ЗПК чиј е овој амандман се водеше исклучиво од законитост што е основна претпоставка и задолжение на таа комисија да види дали има законски основ, или не. Нека се поднесеше амандман на Уставот, па во член 36 се додадеше став 3 да се каже дека боречката организација како организација ќе се финансира, тогаш навистина ќе имаме основ да ги финансираме. Видете што? Лични доходи на работници. Ве молам, се работи за организација, која е таа политичка организација, општествена организација на која државата ќе треба да ги плаќа работниците. Ако треба, државата има интерес да постои, да им се оддолжи на тие, не сум за тоа. Тие средства што се надвор од тоа има да интервенира,да им помогне, а не да ги одредува како потрошувачи. Ние имаме сега опасност од недостиг на

средства. Треба да бидеме економични, дали економичноста ќе се види во тоа што некој што овде ќе каже "ние сме за нив". Овде не е усмерено на борците, овде на таа организација што ја прават тие. И што станува збор пак :за резервните воени старешини. Тоа е нивна организација. Секое здружение може да има организација. Ние ако имавме една армија која беше на една партија, таа партија имала интерес и организацијата на таа армија да ја финансира, може. Овде офицерите, кој им смета да имаат нивна организација? Никој. Ќе имаат ќе плаќаат членарина, ќе се организираат како секоја друга организација како секое добротворно друштво и нема што да се зајадуваме. Ве молам, сфатете немаме законски основ. Тоа е во прашање а не емоциите дали ќе имаме кој нема минато, нема да има сегашност, кој нема сегашност,нема иднина. Не сакам да помина овој амандман не од нечиј интерес, од интерес на законитоста. Како Собранието ќе има снага да побара од некој друг да му извршува закон кога самото Собрание како законодавно тело не го почитува ова. И од тој аспект, а не од друг. Ние можеме да кажеме сега да потегнеме постапка за изменување на Уставот да финансираме и некои други здруженија,.или било што и тогаш има законска основа, има уставна основа, можноста на државата е толкава во распределба на буџетот стручните служби ќе видат кои се нужни потреби, потрошувачот да ги покрие тие трошоци, да ги дадеме. Меѓутоа, ако нема основ да распределуваме, тоа е незаконско а вие одлучете како ќе сакате, а не да се држиме овде сега за' некои политички говори, еве ова, еве она. Овде нема политичка конотација, туку исклучиво законодавна конотација.

Законодавно- правната комисија има амандман, но и во смисла на Законодавно правна комисија се водеше доста расправа. Тврдам и таму тврдевме голем дел дека не стои ниту малку правно издржано образложението дека овие општествени организации на граѓани бидејќи не се спомнати во Уставот, не финансирани. 90% институции, и други не можат да бидејќи не се спомнати во Уставот. Уставот е акт и вели ќе се утврдат одредени параметра, односно со закон. Во Уставот не се спомнати ниту општински судови, ни окружни судови, ниту министерство за финансии, ниту други, реков 90% институции. И тоа не претставува никаква формално правна пречка. На ЗПК се дискутираше доста и беше поддржано едно мислење од аспект на депрофесионализација на овие организации. Навистина во наредниот период бодат во очи одредени професионални функции за разлика од другите здруженија на граѓани. Цела дискусија беше во смисла и повеќе амандманот иако сметам за мене е, мораме во таа смисла е несреќно срочен. Во буџетот да се предвиди една позиција за здруженија и граѓани, водејќи сметка притоа за специфичноста на овие организации и за програмските основи на сите организации за здруженија и граѓани да се финансираат врз основа на програмски основи и во однос на одредена рамноправност на сите, притоа водејќи спрема нивното значење и улога и овој плуралистички момент според нивните можности и задачи да се финансираат. Потенцирам уште еднаш дека нема никаква формално правна пречка бидејќи не се спомнати во Уставот да бидат финансирани. 90% институции не се спомнати.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници јас не навлегувам во законитостите, ама една логичка работа која произлезе од досегашните дискутанти. Ние одбивме амандмани кои се животно прашање за нашите граѓани за набавка на лекови, 4 за пресадување на бубрези, итн. одбивме каде што од здрава храна нема поголем лек.....

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Ги одбивме тие на земјоделците и сега само се залагаме за ова, ќе ни роди пченица и лекови и здравје и терајте така да видиме до каде ќе не истерате. Ако е за така колку здруженија имаме? Ние имаме здруженија на земјоделци кое работи многу стручно за производство на храна, кај е тоа здружение да се финансира. Имаме самостоен синдикат на земјоделци кој многу убаво работи за унапредување на земјоделието и други здруженија. Каде се тие здруженија? Зошто тоа не го покренеме овде, туку само на администрацијата гледаме. Ми се чини овој буџет ќе доживее неуспех ако вака тргнеме. Значи, на некој начин ги изманипулиравме земјоделците со регрес од 30 на 20%, премијата од 40 на 20%, не влегува тутунот,. не влегува виното, не влегуваа другите што останаа само 3 производи и тие бришете' ги да се знае дека оваа држава работи против земјоделието, работи само за борци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакав„да излегувам само на господин Гештаковски пак ќе се обратам. Тој спомна дека и судовите биле вон Уставот. Членот 98 "суската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите се судат врз основа и законите и меѓународните договори, ратификувани во согласност со Уставот. Организацијата на судството е единствено.

Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите како и постапката пред нив се уредува со закон. Ова е основот од каде судовите постојат како уставна гаранција, значи, Уставот

дал можност овие да се организираат и да се донесе закон што значи нема потреба да се надмудруваме. Јас реков, ако пишува тоа треба да го штитиме.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас сакам само да се надоврзам само на оние дискусии кои беа во прилог да се укинат овие ставки кои се во Буџетот. Има дебела причина за тоа.

Ние во Македонија, како што рече Трајан Мицевски многу други здруженија. Еве, да го земеме пример здружението на земјоделците. Немаат просторија каде да се состануваат, нема ниту свој имот, нема ни трговска или било каква лажна организација преку која ќе остварува средства, а господата од здружението на борците ги чуваат најубавите згради во сите градови во Македонија, има посебна организација која се вика "Виор" преку која се остваруваат значително добри средства, а тие не се евидентираат во здружението на борците. Во Охрид има летувалиште под името "Сутјеска" и зграда овде во Скопје инвалидската зграда која дел од просториите дава под кирија, а сега ние водиме битка да им одобриме вакви средства во Буџетот, а јас и вчера реков дека треба да се затнат сите чепови каде одат пари кои непотребно се трошат, а не сме толку моќни и кога сега за едни хуманитарни работи во здравството си допуштивме со два прста да гласаме против, од друга страна ни се подметнуваат демагогии, како од господинот Голубовски, идеолошки работи, никој нема ништо против борците, апсолутно нема ништо против, меѓутоа, дајте да ја видиме содржината што работат овие здруженија и која е државната национална

цел што треба да постојат овие здруженија. Никој не им оспорува да работат како и секое друго здружение, апсолутно никој нема против ни против тие луѓе, татко ми е член на тоа здружение и плаќаше членарина, не станува збор за негација на овие луѓе, тие се наши луѓе, ние сме нивен континуитет меѓутоа, станува збор за една принципиелна работа дали ние ќе имаме ист аршин за сите или не. И она што го рече претседателот на Комисијата, јас стојам зад тоа и :ние како Парламент не смееме да одиме надвор од тие рамки и да гласаме против законити нешта во Парламентот. Ве повикувам сите да се поддржи овој амандман од страна на ЗПК.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, ако го погледнете "Сл. весник" број 13 од 1990 година каде се вели "законот за општествени организации и здруженија на граѓани" или поточно ако го погледнете членот 2 став 2 каде вели "граѓаните во општествени организации се здружуваат заради остварување на поширок општествен интерес во здружение на граѓани заради задоволување на своите лични и заеднички интереси". И во ставот 3 "граѓаните кои според одредбите на овој закон се здружуваат во општествени организации и здруженија на граѓани заради остварување на политички интереси и цели можат да се организираат како политички организации, партии и други облици на политичко организирање". Ако ги погледнете завршните одредби на овој закон, поточно во членот 40 каде се кажува "на општествените организации и здруженија на граѓани кои ќе се регистрираат за остварување на овие интереси кои ги определува членот 2 ставот 2 и 3 кои имаат повеќе од 100 членови во своите редови се

обезбедуваат средства до републичкиот буџет во износ "и во ставот 2 се определува "се овластува Извршниот совет да донесе поблиски прописи за определување на постапката за остварување на правото утврдено во став 1 од овој член".

Да нагласам и тоа дека донесениот Устав е само рамка на градење на еден правен систем и сите институции кои се во нашиот правен систем не се предвидени со^Уставот. Еве да нагласам МАНУ дали е предвидена како уставна категорија., па е во Буџетот или. како"МИА". Мислам дека постои законска основа за финансираше и мислам дека е без продуктивно водење на натамошна расправа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господа пратеници, очигледно во дискусијата ги мешаме работите политички, социјални, економски и било какви потреби што граѓаните имаат традиција за здружување и одржување во Републиката. Господинот пред мене прочита законски основ по кој се создаваат обврски према Буџетот. Ако веќе бараме уставен основ тој е во членот 20 во кој се вели "на граѓаните им се гарантира слобода на здружување заради остваруваше заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии и да пристапуваат кон нив и да истапуваат од нив, а врз основа на овој уставен основ Парламентот носи закон во кој го изразува својот интерес за финансирање на поодделни организации во Републиката било да се политички, општествени, пионерски, младински и доколку не го донесеме овој закон и политичките партии не мора да се

финансираат. Уставот не гарантира ни политичките партии да бидат финансирани. Уставот само дава рамки да можат сите општествено-политички и други асоцијации и организации да можат да бидат предмет на правно регулирање. Законот што беше всушност дава основа кој го утврдува интересот на државата за поодделни организации, а јас лично и пионерската и младинската организација и сојузот на борците мислам дека играат една значајна позитивна улога во Републиката и треба да покажеме соодветен однос, но треба да обезбедиме соодветните услови, а со законот што ќе го донесеме, ќе го покажеме нашиот однос дали сме за финансирање на тие организации или не. Овде треба да обезбедиме само материјални претпоставки.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Проблемот што се покренува јас лично го доживувам Ч не политички, не како предмет на законите, туку како еден цивилизациски однос кон дел на една генерација која што во времето на револуцијата знаеле да го жртвуваат и својот живот. Тешко ќе можеме да ги убедиме во добронамерноста на предлозите ако овие амандмани се совпаѓаат со секојдневни вести за скрнавеше на споменициte од II-та Светска војна на борците, на другарите од Револуцијата на оваа генерација која останала и членува во Сојузот на борците на Македонија.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

При поставувањето на овие, прашања на вчерашниот состанок јас ги поставив истите прашања, меѓутоа, сега овде гледам нешто друго. Гледам дека ние воопшто сме против овие општествено- политички организации.

Меѓутоа, треба да се има предвид со плуралистичкиот начин со работење на општествено- политичките организации пропаднаа како такви. Ние не можеме сега да ги поддржуваме општествено- политичките организации. Има политички партии во кои членуваме ние и сме дојдени во овој Парламент како политички партии, а не како општествено- политички партии. Тоа е едно.

Второ, кога се вели дека е против уставно, во тој случај не можам да сфатам, овде господинот Туше Гошев чита некој закон од 1990 година. Уставот го донесовме 1991 година и сметам дека секој закон донесен по Уставот тој не е во коалиција, туку треба да се преиначи и да се усогласи спрема законските прописи.

Меѓутоа, треба да се има следното, дека овие општествено- политички организации што се предлага да се укинат, јас не туку така ги предложив, ги предложив заради тоа што и тие како организација односно како членови на тие општествено- политички организации биле одредени во времето на гласањето кога гласале за партиите. Веројатно и тие биле во некоја партија и гласале за таа партија. Спрема тоа, ние не сме против борците, бидејќи борците имаат свои привилегии, а тие ги имаат нормално со земање на нивните големи пензии. Покрај големите пензии членуваат и во овие здруженија каде се функционери и земаат дополнително пари кои се одобруваат сега по овој буџет. Поради тие причини тоа го предложив да се укинат сите три организации за да не бидат земени предвид во буџетот, бидејќи имаше околу 42 милиони динари што ги земаат заедно овие организации.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само една мала реплика, ако пратеникот го прочитал Уставниот закон поточно членот 6 каде се кажува дека сите законски прописи не усогласени со Уставот ќе бидат усогласени во рок од 1 година, мислам дека тука нема што да се расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Преодните одредби од споменатиот закон стојат, како и самиот закон за здруженија. Меѓутоа, јас незнам ќе го повикам претставникот на Владата да не извести дали овие организации постапиле во согласност со овој Закон и дали се регистрирани или не? Кога го добиле основот да се издвојат овие пари, зошто се кажува ова се вели "на општествените организации и здруженија на граѓаните кои ќе се срегистрираат за остваруваше на политички интереси и цели имаат најмалку илјада членови ќе им се обезбедат средства од Републичкиот буџет во износ од 3 месечни бруто лични доходи остварени во стопанството",значи на тие што се членови таму и да се види по кој критериум, кои се тие членови, кога се регистрирани и како дојде до тоа да им се дадат 32 илјади милијарди динари?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петковски сака да каже нешто.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:(**од место)

Тој го повика претставникот од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, само јас давам збор, а не вие господине Флоровски. Јас го давам зборот на тој што треба да каже.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мора да признам дека ми е непријатно по неколку пати овде кога ќе стане збор било за буџетот, било за некои политички теми кога

расправаме Сојузот на борците односно борците да се ставаат во една конотација секогаш од материјален аспект, нивниот интерес, тековниот интерес на државата и нивната улога денеска. И во тој контекст ставаше на борците најмалку речено неумесно, најблаго речено, а компарацијата со Сојузот на здруженијата или Друштво на инженери и техничари, на правници на економисти и Сојузот на здружението на борците, за мене е скандалозно, а не неумесно.

Видете зошто. Ако се земе револуцијата и жртвите кои ги даваат луѓето во текот на Револуцијата многумина си седеле удобно дома и чекале каков ќе биде исходот па да се свртат на таа страна, многумина се прашуваат зошто воопшто е водена револуцијата, а тие луѓе ги ставиле своите животи на коцка, се бореле за некои идеали. Во сите цивилизирани земји во уставите се става посебно место за борците творците на државата. Се. ставаат привилегии, а зошто се ставаат господа? Се ставаат за да може да се всади едно чувство кај граѓаните на патриотизам за што недај боже утре пак ќе се случи нешто. Ако нема мотив, ако не се гради таков однос кон тие луѓе ние никогаш не ќе можеме да го опсадиме тоа чувство. И заради тие нивни жртви тие треба да уживаат посебен статус и привилегии во општеството. Тоа го имаат сите држави, земете ја Швајцарија, Франција, Америка, Канада, сите цивилизирани држави обезбедуваат посебен статус и да се спореди Сојузот на здружението на борците со Друштво на правници, ве молам тоа е неумесна работа, и да се бараат правни зачкуљици за таа работа дали можат да се исфрлат, мислам дека недоликува на Парламент денеска кога конституираме своја самостојна Македонска држава. Се удираат темелите на таа држава, а се руши се што било пред ,тоа. Утре можат да се случат многу работи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**

Го респектирам размислувањето на господинот Тито Петковски, тој можеби не може поинаку да резонира во поглед на ова прашање. Меѓутоа, јас резонирам сосема обратно. Тие борци и оние што ја извојуваа победата во 1945 година, сакам да ве прашам, а можеби од целата Македонска јавност ќе добијам некој одговор, каде беа тие борци што се бореа во Илинденското востание до 1908 година,, Балканските војни, Првата светска војна, дали овие борци од ова здружение на кои им доделуваме толку средства исто така водеа сметка за овие борци- Илинденци кои загинаа за Македонија.

**ЃОРЃИ КОТЕСКИ** (продолжение)

Добија сега со овој устав веќе правилен третман. Со овој Устав кој сега ние го донесовме. Не можете да ме разубедите, затоа што добро знам и работам на такви теми, знаеме и колку наши револуционери од тоа минато беа токму после овие години и елиминирани како луѓе.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас нема да навлегувам во некои оценки едноставно имам прашање до предлагачот од «министерот да ми одговори бидејќи членот 36 од Уставот зборува за гарантирање на посебни социјални правана борците, што е во ред , како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција. Јас едноставно во буџетот не средства, ако може да ми одговори дали се предвидени средства токму за гарантирање на овие права.

**БОРИС ЃОРЧЕВСКИ:**

После сите овие дискусии кој се изрекоа на име на боречката организација ред е борците да се покажа во вистинската светлина, како борци. Јас нема да се впуштам во тоа дали имаат законско право со уставот или не, но ќе ги повикам на тоа и денес да ја покажат .. таа борба за сопствениот народ и за сопствената држава. А како тоа?

Во оваа економска криза во која се наоѓа оваа наша држава и овој наш измачен народ кој целосно учествувал во таа иста борба на некаков начин ми се чини дека треба да се борат и денес со тоа што ако имаат совест самите ќе придонесат со испраќање на телеграми со поздрав да се усвои овој амандман.

**АБУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, незнам дали случајно или намерно ги мешаме работите. Час го читаме амандманот, час го читаме членот 36 од Уставот, а се работи за две различни работи. Уставот во член 36  обезбедува

социјални и други права на учесниците во НОБ, во борбата за самобитноста на Македонија итн. и тоа е сосема чиста работа. Ако не е чиста ќе се прочисти со посебни закони, затоа што обврзува Уставот во последниот став од член 36. "Посебните права се уредуваат со закон". Ако не се уредени треба да се уредат и Владата ќе ги уреди сигурно во рок од една година од генот на усвојувањето на Уставот на Македонија. И тука ставаме точка. Пред нас имаме амандман за бришење на позициите или партиите или како ги викаат таму за борците, за младината и за сојузот на здруженијата на воените старешини. Тука да ја усредсредиме нашата дискусија и нашето внимание.

Моето мислење е следното, амандманот не треба да се прифати. Причините беа дадени тука, доколку Владата со новиот закон за здруженијата на граѓаните на политичките партии со исто така во рок од една година треба да се донесе најде дека овие асоцијации се предимензионирани и имаат професионализам и имаат непотребни луѓе вработени итн., јас сега не измислува, само претпоставувам дали може да биде така, тогаш со законот да се уредат сите работи и да се види што оваа држава ќе финансира во овие дејности и за младите и за воените старешини, па и за борците. Сигурно дека и борците нема да бараат некој гломазен апарат итн., меѓутоа, со оглед дека тука тие биле буџетска категорија, нека останат буџетска категорија, а евентуалните рационализирања на овој план да се видат со новиот закон и така да излеземе од ова.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас нема да настапувам како правник, нема да ги спомнувам ниту Уставот ниту законите ниту членовите, ниту амандманите, ќе се обидам да направа еден хуман гест, а респектирајќи ги сите дискусии што беа досега кажани и моето крајно разочарување затоа што не беа прифатени двата амандмани со кои што ќе се помогнеше на болните со кои ќе се

финансираше хемодијализата и трансплантацијата и амандманот за прибирање на лекови . Предлагам овие ставки кај личните доходи на функционерите во овие здруженија кој се навистина кој се навистина многу високи само во еден од овие 3 раздели личните доходи на функционерите ги покриваат двата претходни амандмани. Предлагам министерството, т.е. Владата да направи еден обид од овие средства од личните доходи на функционерите на кои што навистина не им ја знам функцијата во овие здруженија, навистина досега мислев дека на добротворни сфрхи се работи во тие здруженија а не вака финансирање од буџет f дури и функционери, да се обиде министерот т.е. Министерството или Владата да направи некои поместувања во овие раздели и да се вратиме уште еднаш на тие два амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Ако никој друг не бара збор, пред да го дадам на гласање амандманот, ве молам, сепак, би го замолил Министерот да ги каже и бројките овде, затоа што мислам дека луѓето се дезинформирани. Тоа не е точно дека со ова би се покрило, па нека ги каже цифрите.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ќе признаете во некои ситуации човек не може и со без резигнација да констатира одредени работи. Прво, ми помогна пратеникот Туше Гошев додека баравме текст на законот за општествените организации за да го провериме овој основ што го цитираше тој основ, со тоа што се надминува проблемот дали има законски основ или не. По тој исти законски основ, односно законски пропис на страна 10 во Буџетот, во позицијата 129, предвидено е учество во финансирањето на програмите на општествените организации, друштва здруженија и сојузи, кои се регулираат со посебна одлука на Владата, како и по друг основ учество во финансирање на

активноста на политичките партии кои исто така се распоредува според критериуми и одлука што ја утврдува Владата, а овде беше најавено и во распра вата дека Министерството за правосудство подготвува закон за финансирање на политичките партии.

Второ, споредбата на податоците мислам дека не е најсоодветна, бидејќи кај овие три позиции се работи. Кај позицијата 57 се 32 милиона, за позицијата 58 за 3 милиони и 500 и за позицијата 56 од 4 милиона и 700. А за двете позиции за амандманите околу дија лизата и лековите се работи за 1.700.000. Значи, неспоредливи се цифрите. Трето, во врска со прашањето за* стопанската активност во Законот за општествените организации и здруженија на граѓани во делот IV, во членот 34 стои дека општествените организации односно здруженија на граѓани можат да вршат стопанска или друга дејност ако ги исполнуваат условите пропишани со закон за вршење на таа дејност и имаат уште два става кои упатуваат на примена на други соодветни материјални закони во поглед на користењето, распоредот, евиденцијата и сл. Станува збор за три позиции кои од причините што овде беа објаснувани, не би сакал овде да ги повторувам, заради нивното општествено, непрофесионално и неполитичко поле на делување да бидат посебно третирани, бидејќи и младината и ветераните и политичките структури имаат од општествен аспект гледано свое значење во вкупната структура на општеството.

Оттаму, Владата го ценеше доста овој проблем и предлага не само што да останат позициите тука, меѓутоа ако може да се обезбеди со оглед на значењето на тие здруженија и општествени организации, ова прашање на ваков начин да се расправа натаму. Кога ќе се расправа Законот за општествените организации и здруженија, бидејќи и тој треба да се преиспита во согласност со Уставот тогаш нека се отвори дебата што може, што треба и што не треба и тогаш нека се изгради еден став.

Конечно во врска со прашањето на пратеникот Стефковски, една од комисиите, не можам да се сетам сега точно која беше има поднесено амандман во врска со една позиција која се однесува на членот 36 од Уставот, која Владата ја прифати односно амандманот го прифати и во Буџетот утврдува таква позиција која треба да ги регулира прашањата што се уредени со членот 36 од Уставот на начин како во меѓувреме ќе се утврди со закон за уредување на тие права. Значи, прифатен е амандманот кој што се однесува на покривање на прашањата односно содржините од членот 36 од Уставот. Тоа е се разбира, не го сфатив така ни прашањето, друга содржина, друг аспект од овој што се однесува на финансирање на општествените организации".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(20 пратеници гласаа за амандманот)

Според тоа констатирам дека Собранието не го прифати овој амандман.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Томислав Стојановски, поделен Ви е, а кој гласи:

Во посебниот дел на Републичкиот буџет, раздел 9 и 42 јавното правобранителство на Македонија и 43 Републички суд за прекршоци и разделите од 109 до 133 Општински јавни правобранителства и разделите од 134 до 163 Општински -судови за прекршоци, се бришат".

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Овој амандман кој што е всушност поднесен од Претседателот на Законодавно- правната комисија е практично неодржлив. Не можат да се симнат од Буџет институции кои со закон се предвидени. Тој момент кога тие со новиот системски закон за судството нема да бидат во функција на исто судство, тогаш ние можеме да расправаме односно да престане и правата врз основа на сегашните закони за судството кој ги има овие институции. Така што, ова еден тотално неправнички амандман.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**

Суштината за неприфаќање на амандманот беше кажана на претходниот дискутант..Сакам да истакнам дека од предлагачот беше' иницирано и на Законодавно правна комисија, таа Комисија не го . прифати и затоа предлагачот го поднесе што е негово право во негово лично име . Законодавно правната комисија,иако немаат извештај во својата расправа заклучи дека за јавното правобранителство и судовите за прекршоци постојат судови односно постои закон и Владата е должна за нив да обезбеди средства и тоа е чисто.

Во образложението на предлагачот вика дека во предлогот за донесување односно сега Владата го работи Предлог законот, не биле спомнати јавното правобранителство и судовите за прекршоци. Сметам дека барем Законодавната комисија, нејзиниот претседател, тоа е предлог. Може кон оваа расправа да имаме амандман и да воведеме, а тоа што не се уставна категорија, пак се враќаме на она претходно а не сакам, не се спомнати во условите а тоа е во продолжението ниеден суд и вид на суд не е спомнат и орган. Таму вели судство, организацијата со Закон. Сметам дека не би требало да се прифати од наведените причини.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако го погледнете образложението и последниот став каде се кажува дека с .предложениот закон за судовите, судовите за прекршоци не се предвидени, мислам дека како претседател на Законодавно- правната комисија не смее да прави такви грешки претседателот, затоа што по правото има една римска изрека дека по доцниот закон го укинува раниот закон, Оттука претседателот сметал дека само со поведувањето на постапка за донесување на нов закон треба да се укинат тие институции и органи и сметам дека нон сенс е недопустливо со буџет да се укинуваат определени законски институции.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, пред да го повлечам амандманот ќе му се обратам на господин Тушев да му кажам два збора. Ми рече дека тоа не е чесно да го направам, меѓутоа Уставот е рамен на стечајна постапка. Уставот, администрацијата оди под стечај, а претпријатијата одат ... во стечај нема да бараат друго што туку да видат што се добива и што пропаднало. Овде администрацијата не може да опстане, да се бара некој друг закон. Јавните правобранителства не се уставна категорија. За судовите се спомнува и на нас овде ни беше предложено Закон за видови судови, па се кажа, основни, виши и врховниот суд на Македонија. Ако немало закон да се донесе, не се предложил ќе треба да го прашаме предлагачот врз основа на што како Влада целосно донел ваквиот буџет да го прави кога не ги предлага тие судови да ги имаме. Што значи овде се работи за принцип и сега ако најде некој за сходно дека има потреба од суд,за прекршоци нека поднесе предлог тој закон да се донесе и тогаш ќе му правиме и трошоци и се. А не сега овде го нема, па ние ќе му создаваме. Ова се вика на нероден Петко ќе му правиме капа.

Што останува понатаму , имаше приговор дали Окружните судови не се зафатени. Јас тоа го имав предвид, меѓутоа во текот на работењето на амандманот случајно ми се поткраднало и останаа неопфатени. Меѓутоа, сфатете господа или ќе бидеме правна држава или ќе бидеме социјална држава. Ние навистина сме социјална,но не во таа смисла за тоа што ќе правиме и како ќе правиме, ние мораме да имаме цврста став ако сакаме промени. А ако сакаме да остане се како што е немаше потреба од донесување на овој Устав. Ќе си постоеја законите, ќе си постоеше се и се ќе беше во ред.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Немаше сигурно, но бев повикан и скама да нагласам дека господинот Томислав Стојановски го прочита членот 98 од Уставот во последниот став каде кажува видовите, надлежноста, основањето укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката преку нив се уредуваат со закони, што се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Тоа значи дека укинувањето на раниот закон, го укинува постариот закон. Ако вие погледнете токму во обратна смисла ако вака прифатиме еден амандман ние го рушиме правниот систем. Затоа што непостоењето на еден закон му ги рушиме ингеренциите на еден веќе постоечки закон. Ние имаме закон за јавните правобранителства, ние имаме закон за судовите за прекршоци. А понатамошното уредување со законите како што предвидува членот 98 кога ќе го сториме тоа, тогаш нехумано е и за тие колеги кои работата во тие судови сега со неукинат суд и незнаење на правната судбина на понатамошното однесување како ќе биде регулирана таа материја со суд, ние да ја укинуваме таа стапка од буџетот.

**ЃОРЃИ НАУМОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека амандманот во конкретниот случај не треба да се прифати од причини што Законот за судовите за прекршоци е на правна снага. Овој закон предвидува постоење на општински и републички судови за прекршоци. овие судови за прекршоци судат врз основа на бројна правна регулатива, бројни стотина и повеќе закони кои пропишуваат прекршоци. Се додека оваа материја, од овие прописи не ја пренесеме во надлежност на друг орган или не ги декриминализираме да не претставуваат прекршоци се дотогаш они мора да постојат и мора да бидат предвидени за финансирање.

Исто така е и со законот за правобранителство и тој постои. Ние со Уставниот закон за спроведување на Уставот сме врзани во рок од година дена да донесеме нов закон за јавно правобранителство во кој ќе кажеме не зависно што не е Уставот предвидено како уставна категорија дали државната имовина и понатаму ќе ја штитат јавните правобранители или ќе ја преотстапиме на адвокатурата, како што таа ја штити имовината на другите субјекти. Но, тоа право на ова Собрание.

Тоа што се рече дека не е уставна категорија, ве молам и затворите не се уставна категорија, да ги пуштиме ли затворениците. МАНУ не е уставна категорија а ние го финансираме. Мислам дека треба да остане финансирањето се додека постојат позитивните закони.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Многу ми е жал што го донесовме Уставот. Велиме дека даваме рамноправност на сите сопствености. Токму заради таа клаузула на еднаквост на сопственостите не најдовме државната сопственост да има

платен застапник. Ниедна сопственост ако има определен орган да ја штити тогаш нема рамноправност. Државата ќе има поголеми ингеренции, ќе дава поголеми вложувања на таа страна. Овде треба правобранителството, заштитата на општествената имовина да се штити рамноправно како што се штити секоја друга имовина. Тогаш ќе се плаќа за секоја услуга одделно.

Ако нема уставна категорија правобранителство јас вториот дел за судии за прекршоци го уперувам кон Владата да го предложи Законот. Да го предложи Законот и да не правиме правни празнини и да плаќаме нешто што не постои. Барам да имаме законитост; а за правобранителствата останувам уверен не може ниедна при рамноправност на сопствениците да има државни адвокати. Ќе бидат сите еднакви. Затоа нема, прв пат се претпоставуваше дека член 77, народниот правобранител., ќе ги има улогите на јавен правобранител. Меѓутоа, тие господа што така мислеа не сфатија дека овде народниот правобранител го штити граѓанинот од државата. Има обратна ингеренција.

Сега ние немаме правобранители. Јас да го прашам повторно министерот како ќе можеме да најдеме институција да воведеме правобранител, а се еднакви сопственостите. Имаме закон за адвокатура кој тоа исто министерство го дава и вели дава правна помош на физички и правни лица. Зарем државата не е правно лице? Ние рамноправност ако бараме, еднаквост овде е проблем за принцип, а не дали ќе има некој работа или не. Ако едно претпријатие отиде под стечај кој прашува што ќе работат тие луѓе што се под стечај. Се јавуваат во заводот за вработување. Па, немојте ние да правиме класи овде.

Уставот има, во овој случај, кога не се предвидени можностите како што се кажани за судовите, значај на стечајна постапка и нема што да се чека да се донесува закон. Тоа не е предвидено за организација и нема што да се усогласува. Тоа е основниот принцип.

Јас реков, пред да го повлечам овој амандман, сакам да укажам на принципот на законитост. Ако вака продолжиме нема далеку да стигнеме. Инаку јас амандманот го повлекувам само под една околност. Ова да не се повтори. Ве молам сакаме законитост, принципиелност и да знаеме институциите што се и како се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, амандманот е повлечен.

Комисијата за економска политика и развој има еден амандман. Дали значи излагањето на господинот Превала дека е повлечен амандманот.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Со оглед на присутните состојби, поднесените а не прифатени амандмани по Предлогот на републичкиот буџет за 1992 година работните тела предлагаат да се сметаат како званични забелешки и Владата^на Република Македонија да ги има предвид при изготвувањето на првиот ребаланс на Буџетот за 1992 година. За истите да изготви соодветно образложение.

Второ, при расправата по макроекономската политика за 1992 година Владата да достави извештај за текот на нејзиното остварување за првото тромесечје на годината.

Предлагам ова да се усвои како работен заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да не донесуваме посебен заклучок за ова, туку за Буџетот сите што ќе ги донесеме.

Молам, дали се согласувате? (Се согласуваат).

Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на Буџетот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на Републичкиот буџет го ставам на гласање,

Молам, кој е за, да крене рака. (64 пратеника).

Дали има некој против? (Еден).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Републичкиот буџет за 1992 година.

По повод донесувањето на Републичкиот буџет за 1992 година Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за труд и социјална политика му предлагаат на Собранието да го усвои следниот

**РАБОТЕН ЗАКЛУЧОК**

1. Се задолжува Владата на Република Македонија, заради надминување на проблемот со девизните штедни влогови до распишувањето на јавен долу заради негово намирување, да изнајде и предвиди потребни средства во буџетот за каматата по овие влогови за 1992 година.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија при распределбата на средствата од разделот 30 позиција 408 конто 431 Компензација на дел од трошоците за  издавање на весници и списанија, да го има,предвид НИП ЦО "Трибина" од Скопје, за компензирање на дел од трошоците за издавање на весникот "Трибина".

3. Собранието на Република Македонија укажува на потребата, Владата на Република Македонија, односно Министерството за финансии, континуирано да ги следи активностите околу заокружувањето на системот на одбраната на Република Македонија од аспект на обезбедување финансиски средства, реализација на Програмата за модернизација на Службата за безбедност за периодот од 1991 до 1995 година и обезбедување на потребни финансиски средства за надоместок за издршка на осудени и притворени лица.

4. Собранието на Република Македонија укажува на потребата, Владата на Република Македонија, односно Министерството за финансии, при јавувањето на .Републичкиот буџет за 1992 Дина во Раздел 23 Министерство за труд и социјална политика, намена 45, во делот за финансирање на дејностите од социјалната заштита да направи аналитички приказ на намените што се финансираат за оваа дејност.

5. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија при изготвувањето на ребалансите на Републичкиот буџет да го следи реалното движење на општествениот производ.

6. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата во што пократок можен рок да ги подготви и на Собранието да му ги достави законите во врска со приватизацијата/ девизните штедни влогови и за прашањата во врска со долговите на стопанството како и да ги има предвид сите расправи кои овде беа како предлози и да ги проучи за ребалансот.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (еден).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои работниот заклучок.

Минуваме на **точката 5** - Предлог на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1992 година.

Предлогот на овој закон, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. .

Владата на Република Македонија поднесе амандман за . додавање нов член 15-а и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 22, член 23, став 1 и на член 25 став 1, Законодавно- правната комисија поднесе амандман на член 2, Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 22 и член 28', Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандман на член 3 став 1 со кои се согласи

предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 24 став 1 и член 28 меѓутоа ги повлече на седницата на Комисијата за финансирање и буџет.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на амандманот на Владата за внесување на нов член 15-а, пратеникот Љупчо Јакимовски поднесе амандман на член-20, а Пратеничката група на социјалистичката партија на Македонија амандмани на член 3 став 1 и 2 и член 20 по кој не се произнел предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на членот 302 поднесен од пратеничката група на социјалистичката партија на Македонија.

Дали го повлекувате амандманот? (Го повлекуваат).

Отворам претрес по амандманот на амандманот на Владата за внесување нов член 15-а поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

(Овој амандман е прифатен).

Отворам претрес по амандманот на член 20 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Предложениот амандман се однесува на членот кој го толкува извршувањето на средствата наменети за средствата за јавно информирање. Во предлогот на законот за извршување на Републичкиот буџет стои дека распределбата на овие средства ќе ја изврши Владата со посебна одлука на Министерството.

Амандманот се однесува на тоа таквата одлука да ја подготви Владата, но да ја донесе Собранието. Да ги утврди критериумите според кои ќе се врши распределбата.

Сметам дека Собранието како одраз на политичката, волја на граѓаните е помериторно за градење на критериуми од оваа област.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата го прифати амандманот?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Во расправата на Комисијата по повод овој амандман ние споменавме дека не би имале ништо против тој да биде прифатен,
меѓутоа прашањето е принципиелно.

Во другите области каде што се регулираат некои прашања што оперативно треба да се извршуваат во согласност со оперативните надлежности на Владата се дадени овластувања Владата со посебна одлука да ги распоредот, критериумите итн. Од тој аспект издвојувањето на ова прашање би претставувало на одреден начин и едно непотребно разликување и поделба на оперативната работа на Владата Така гледано сметаме дека амандманот не би требало да се прифати. Собранието нека одлучи, нема пречка само би се усложнувала работата на Собранието со оперативни прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас мислам дека јавното информирање треба да биде издвоено од другите области кои се од надлежност на Владата, а предложениот амандман е во согласност и дух со 47-та точка она оваа седница, а тоа е Предлог на заклучок во врска со примената на општествениот договор за заедничката политика. Инаку заклучок кој што го прифати Комисијата за општествено- политички

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

(Пратениците во салата реагираат дека нема кворум за работа)

Избројте ве молам дали има кворум.

Во салата присутни се 69 пратеници, според тоа има кворум за работа и може да продолжиме со работа

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по овој амандман. (Претставникот го повлекува овој амандман).

Го повлекувате амандманот, во ред.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара ,збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)'

За гласаа 53 пратеници.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Републичкиот буџет.

По повод донесување на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 19 92 година, Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Владата на Република Македонија се задолжува за финансирањето на одделни институции и организации, согласно 22

од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1992 година, да изврши согледување и да предложи квантификации што ќе значат колку тие институции и организации сами ќе се финансираат од сопственото работење и колку во тоа ќе се партиципира со буџетски средства.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Има збор господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Ние завчера донесовме одлука за времено финансирање. Меѓутоа нејзината важност треба да се услови со законот што сега го усвоивме дека престанува кога ќе се донесе Буџетот со овој закон,за споредување на Буџетот, дека таа одлука престанува да важи.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Мислам дека пратеникот Стојановски е во право бидејќи во одлуката напишавме 30 јуни, а не до донесување на Буџетот. Во таков случај би требало да се прифати ова укажување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, тогаш, ве молам тоа не е укажување, тоа мора да биде норма во законот за спроведување на Буџетот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Неговото укажување е дека во Законот се прифаќа одредбата што ја предлага пратеникот Томислав Стојановски дека со донесувањето на Законот престанува да се применува Одлуката за времено финансирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи ова е евидентна работа и неспорна, јас ја молам Владата да не ни прави вакви пропусти.

(Реакции од пратениците во салата дека тоа стои во Одлуката).

Во Одлуката стои, така ли?

Па сигурно дека стои, прочитајте ја одлуката, ве молам. Само да не ставаме непотребни работи. Добро,во ред е, нека се стави во Законот. Само друг пат да го напишете и тоа да помине низ постапка.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Со Законот за финансирање на општите и општествени потреби што го изменивме вчера, а и што важеше до 31 март е определено дека најдоцна до 30 јуни, но со донесувањето на Буџетот престанува да важи Одлуката за времено финансирање.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Господинот Стојановски вечерва по втор пат не е во право, бидејќи во Одлуката за изменување на 0длукатаѓза привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1992 година во член 1 вели дека се менува во Одлуката објавена во "Службен весник 59/91 година", зборот "31 март" со зборот "30 јуни

Во Одлуката стои до донесувањето на Републичкиот буџет за 1992 година и т.н.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не треба оваа одредба.

Предлагам да престанеме со работа, уморни сме и утре да продолжиме во 10 часот.

(Реакција на пратениците во салата да се продолжи со работа во вторник).

Во ред, ако сакате во вторник, тогаш нека биде во вторник.

Господинот министер за земјоделство Иван Ангелов бара збор.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Почитувани пратеници, дозволете една минута да ви се обратам, бидејќи и јас овие денови исто така бев со вас. Сакам да ве замолам за проблемот за аграрот, ценејќи дека сте изморени јас бев дури расположен вечерва да расправаме и мислам дека треба и вие да се согласите вечерва да расправаме, заради актуелноста на проблемот. Значи пред вас го имате материјалот и мислам дека треба да издржиме и да расправаме за него. Во овој момент тоа е мое залагање, јас сум подготвен, ве молам, ако вие сте расположени, меѓутоа исто така сакам да ве замолам апсолутно утре да расправаме да не оставаме тоа да биде идната недела, зошто во таков случај јас ќе добијам впечаток дека вие како Парламент незнам колку на аграрот треба да му посветиме внимание. Нашите земјоделци сигурно стојат пред телевизорите и чекаат што овој Парламент ќе одлучи за нив. Па, ако издржавме толку, мислам дека треба да издржиме и да ги

разгледаме материјалите од аграрот, па да се произнесеме по нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали утре ќе работиме како што предложив или во вторник.

(Пратениците во салата се согласија за утре во 10 часот) .

Значи, се договоривме за утре во 10 часот да продолжи седницата со работа.

(Седницата прекина со работа во 20,50 часот).